


# ИЗВЕШТАЈ НА РЕКТОРОТ

## ЗА РАБОТАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ПЕРИОД 2024 – 2025 ГОДИНА

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ШТИП

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕКТОРОТ ЗА РАБОТАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
за период 2024 – 2025 година

Проф. д-р Дејан Мираковски
Штип, 2025 г.

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ

## 1. ВОВЕД

Во своите осумнаесет години постоење Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се води од основната мисија дека наставата, истражувањето и јавниот сервис, заедно со студентите, се во центарот на вниманието, секогаш стремејќи се кон примена на индивидуален пристап кон студентот. Остварувајќи ја својата мисија, изгради современи пристапи за менаџирање и контрола на квалитетот во сите сегменти на работењето. Во овој механизам на контрола на квалитетот спаѓаат и процесите на евалуација на работата на деканите преку годишните извештаи за нивната работа. Како интегриран универзитет, работата на деканите, односно 15-те единици на Универзитетот се управувани од страна на ректорот и ректорската администрација. Целокупното работење е презентирано во Извештајот на работа на ректорот за период 2024-2025 година.

Приклучувањето на УГД кон Европската универзитетска алијанса ACE²EU претставува клучен момент во развојот на Универзитетот. Со ова, Универзитетот е интегриран во еден заеднички европски кампус кој овозможува развој на заеднички студиски програми, признавање на заеднички микроквалификации, засилена интернационална мобилност, заеднички истражувачки инфраструктури и зголемена институционална конкурентност и видливост во европскиот образовен и истражувачки простор.

Периодот 2024/2025 година е од особено значење бидејќи Универзитетот активно ја развива својата улога во рамките на Европската универзитетска алијанса ACE²EU, како рамноправна членка заедно со осум други европски универзитети. Во овој период беа реализирани повеќе заеднички активности и проекти во насока на интеграција на академските, истражувачките и иновациските процеси, со што се зацврстува позицијата на Универзитетот како модерен европски универзитет кој активно придонесува во создавање на заеднички европски простор на високо образование и истражување.

И во овој период Универзитетот останува препознатлив по својот современ пристап во високото образование со користење на голем број дигитални алатки и платформи, како е-индекс, е-учење, е-репозиториум, е-библиотека, е-журнали, е-календар, е-распоред. Во овој извештаен период беа направени значајни подобрувања во интеграцијата на овие системи, како и активности поврзани со развојот на интерниот портал за колаборација и комуникација и подготовката на оперативната рамка за дигиталниот меѓууниверзитетски кампус (e-Campus) во рамките на ACE²EU алијансата.

Преку овие активности, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип ја потврдува својата водечка улога во високото образование во државата и регионот, демонстрирајќи пример за современо управување, европска поврзаност и постојан стремеж кон квалитет, иновации и меѓународна препознатливост. Овој Извештај за работа на ректорот дава севкупна слика за реализираните активности во академската 2024/2025 година и претставува основа за идните развојни чекори на Универзитетот.

## 2. НОРМАТИВНО - ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Работата на Универзитетот е јавна и седниците на органите на Универзитетот се јавни и достапни на средствата за јавно информирање, со исклучок, кога на седниците на органите на управување се расправа за прашања кои претставуваат класифицирана информација дефинирана според Статутот на Универзитетот.

### 2.1. Универзитетски сенат

Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган на Универзитетот. Сенатот го сочинуваат: по 2 (двајца) претставници од единиците на Универзитетот од редот на наставно-научните работници; по 1 (еден) претставник избран од придружните членки и 10% од бројот на членовите на Сенатот се претставници од студентите избрани од Универзитетското студентско собрание.

Универзитетскиот сенат за периодот од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година ги одржал следниве состаноци и донесени се следниве општи акти и одлуки:

**232. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 30.10.2024 година**

1. Одлука за верификација на мандат на член во Универзитетскиот сенат, претставник од Факултетот за медицински науки;
2. Одлука за верификација на мандат на членови во Универзитетскиот сенат, претставници од Универзитетското студентско собрание;
3. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за издавачка дејност;
4. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
5. Одлука за распишување на Интерен конкурс за избор на редовни студенти од социјално ранливи категории кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на партиципацијата за прв циклус студии за учебната 2024/2025 година;
6. Одлука за објавување на Повик за евалуација на научни и уметнички активности објавени и остварени во календарската 2023 година;
7. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
8. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Александар Цветковски на друг универзитет;
9. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Катарина Смилков на друг универзитет;
10. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Махмут Челик на друг универзитет;
11. Одлука за ангажирање на проф. д-р Васка Вандевска-Радуновиќ како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
12. Одлука за ангажирање на проф. д-р Драган Красиќ како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
13. Одлука за ангажирање на проф. д-р Хориа Барбу како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
14. Одлука за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии во учебната 2024/2025 година;
15. Одлука за одобрување на исплата за последна рата за кофинансирање на проектот Жан Моне мрежи „Нови европски граници“ – Бордеурс во рамките на Правен факултет;

16. Одлука за одобрување на позајмица на средства за потребите на проектот УГД Мејкерспејс;
17. Одлука за организирање на Петта студентска конференција со наслов „Критични прашања во земјоделството и животната средина“ на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
18. Одлука за организирање на Стручен собир со наслов „Денови на инклузивното образование“ на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
19. Одлука за партиципација на финансиски средства за промотивен материјал и организација на Научен собир ЕТИМА 2025 во рамките на Електротехнички факултет;
20. Одлука за продолжување со претплатата за користење на платформата dejure.mk за потребите на Правен факултет;
21. Одлука за колективно членство на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје;
22. Одлука за усвојување на Извештај за прв академски час „Бруцошка на УГД“ за учебната 2024/2025 година;
23. Одлука за усвојување на План за бесплатна програма за подготовка на средношколци за полагање државна матура од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
24. Одлука за усвојување на План за создавање на видеосодржини на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
25. Одлука за формирање Комисија за спроведување на попис на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2024 година;
26. Одлука за печатење на Зборник на трудови од стручното советување „ПОДЕКС – ПОВЕКС“ во рамките на Факултетот за природни и технички науки;
27. Одлука за годишно членство на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во МАКО СИГРЕ – Здружение на инженери во областа на електроенергетиката.

**233. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 28.11.2024 година**

1. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2023/2024 година;
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за издавачка дејност;
3. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
4. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Наталија Маркова-Руждиќ;
5. Одлука за акредитација/одобрување на програмата Примена на апликации базирани на генеративна вештачка интелигенција во адвокатската професија во рамките на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
6. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Македонска филологија на втор циклус студии на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
7. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Англиска филологија на втор циклус студии на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;

8. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Германска филологија на втор циклус студии на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
9. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Италијанска филологија на втор циклус студии на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
10. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Турска филологија на втор циклус студии на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
11. Одлука за распишување на Конкурс за избор на демонстратори на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за учебната 2024/2025 година;
12. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за прием на кандидати по распишаниот Конкурс за запишување студенти на прв циклус студии за учебната 2024/2025 година;
13. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година;
14. Одлука за организирање на заеднички настан – Симпозиум меѓу Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Меѓународен симпозиум за турска култура при Меѓународниот фестивал на пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“;
15. Одлука за продолжување на членството на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во ЕУА (Европска асоцијација на универзитети);
16. Одлука за одобрување на позајмица на средства за потребите на проект од Еразмус+ програмата Клучна акција 1;
17. Одлука за усвојување на Втор времен извештај за завршени активности во рамките на интерниот проект „Анализа, моделирање и дизајн на нова верзија на студентскиот информациски систем Е–индекс“;
18. Одлука за усвојување на Извештај за спроведениот План за теренска активност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во средните училишта во Македонија;
19. Одлука за усвојување на Годишен план и програма за работата на Универзитетското студентско собрание при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (УССУГД) за 2025 година;
20. Одлука за усвојување на Годишен извештај за обука на вработените во внатрешно-организационите единици/стручно-административни служби на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2024 година;
21. Одлука за усвојување на Годишен план за обука на вработените во внатрешно-организационите единици/стручно-административни служби на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2025 година;
22. Одлука за исплата на регрес за годишен одмор на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2024 година;
23. Одлука за исплата на регрес за годишен одмор на вработените на „Уни сервис“ ДООЕЛ – Штип за 2024 година;
24. Одлука за определување на временски период во кој вработените на Универзитетот колективно ќе го користат вториот дел од годишниот одмор за 2024 година.

**234. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 26.12.2024 година**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за издавачка дејност;
3. Одлука за усвојување на Годишен план и програма за издавачка дејност на Универзитетот за 2025 година;
4. Одлука за усвојување на Финансиски план на Универзитетот за 2025 година;
5. Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки на Универзитетот за 2025 година;
6. Одлука за усвојување на Програма за инвестициони вложувања на Универзитетот за 2025 година;
7. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Вангѓа Димитријева-Кузмановска;
8. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Верица Јосимовска;
9. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Димитар Апасиев;
10. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Димитар Наков;
11. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Јордан Ефремов;
12. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Оливер Цацков;
13. Одлука за доделување на звањето почесен професор на науки (Professor Honoris Causa) на проф. д-р Џузепе Каталди (Giuseppe Cataldi);
14. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, за усогласување и спроведување на Законот за високото образование;
15. Одлука за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на единиците при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за еквиваленција и усогласување на научно подрачје, научно поле, научно потполе и научна област за студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии;
16. Одлука за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на единиците при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за еквиваленција и усогласување на научно подрачје, научно поле, научно потполе и научна област за изборите во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања;
17. Одлука за распишување на Конкурс за избор на демонстратори на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за учебната 2024/2025 година;
18. Одлука за организирање на XIII Ораторска вечер 2025 на Правен факултет;
19. Одлука за набавка на годишна лиценца за База на податоци за структури на лекови и хемиски соединенија во рамките на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;

20. Одлука за прифаќање донација на книги од област англистика за потребите на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
21. Одлука за одобрување на Програма за спроведување на обуки под наслов „Примена на апликации базирани на генеративна вештачка интелигенција во адвокатската професија“ во рамките на Центарот за доживотно учење при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
22. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за втор циклус академски/стручни студии Инженерски менаџмент и логистика во рамките на Воената академија, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
23. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус студии Градинарство во рамките на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
24. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Квалитет и безбедност на храна во рамките на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
25. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Лозарство и винарство во рамките на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
26. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Поледелство во рамките на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
27. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Растителна биотехнологија во рамките на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
28. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Фитомедицина во рамките на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
29. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Англиски јазик и книжевност – наставна насока во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
30. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Англиски јазик и книжевност – преведување и толкување во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
31. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Германски јазик и книжевност – наставна насока во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
32. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Германски јазик и книжевност – преведување и толкување во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
33. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Италијански јазик и книжевност – наставна насока во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
34. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Италијански јазик и книжевност – преведување и

толкување во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;

35. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Македонски јазик и книжевност – наставна насока во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
36. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Македонски јазик и книжевност – применета насока во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
37. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Турски јазик и книжевност – наставна насока во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
38. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма за прв циклус академски студии Турски јазик и книжевност – преведување и толкување во рамките на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
39. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за трет циклус студии Етнокореологија во рамките на Музичка академија при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
40. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за втор циклус студии Музичар изведувач – Етнохармоника во рамките на Музичка академија при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
41. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за втор циклус студии Музичар изведувач – Народни инструменти во рамките на Музичка академија при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
42. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за втор циклус студии International law and international relations во рамките на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
43. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на интегрирана студиска програма од прв и втор циклус студии Фармација на англиски јазик (Pharmacy in English language, integrated first and second cicle od studies) во рамките на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
44. Одлука за одобрување на средства за реализирање на активности во рамки на проектот „Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука-бизнис";
45. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Данче Василева на друг универзитет;
46. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Ленче Николовска на друг универзитет;
47. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Тоше Крстев на друг универзитет;
48. Одлука за исправка на техничка грешка во Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во учебната 2024/2025 година.

**235. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 7.2.2025 година**

1. Одлука за усвојување на Извештај од Централната пописна комисија за извршениот попис на Универзитетот за 2024 година;
2. Одлука за формирање на Комисија за расход на основни средства и Комисија за расход на ИКТ (информатички, комуникациски и технички) средства на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
3. Одлука за усвојување на Записник за расход на основни средства и Записник за расход на ИКТ (информатички, комуникациски и технички) средства.

**236. седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 25.2.2025 година**

1. Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2024 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
2. Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2024 година на Уни сервис ДООЕЛ – Штип;
3. Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2024 година на Уни сервис агро ДООЕЛ – Штип;
4. Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2024 година на Универзитетски спортски и културен центар ДООЕЛ – Штип.

**237. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 25.2.2025 година**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за издавачка дејност;
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
3. Одлука за поведување, спроведување и завршување на постапка за избор на органи и тела на Универзитетот и единиците на Универзитетот;
4. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова;
5. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Елена Дракалска-Серсемова;
6. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Катарина Смилков;
7. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
8. Одлука за изменување на одлуката за определување на висината на средствата за репрезентација на лица кои извршуваат одредени функции на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
9. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Сања Ристески на друг универзитет;

10. Одлука за исплата на фиксен надоместок за ангажирање на проф. д-р Жанета Попоска за одржување на предавања по предметот Уставно право на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
11. Одлука за усвојување на Конкурс за запишување студенти на прв циклус на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во учебната 2025/2026 година,
12. Одлука за усвојување на Конкурс за запишување студенти на втор циклус на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во учебната 2025/2026 година,
13. Одлука за усвојување на Конкурс за запишување студенти на трет циклус на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во учебната 2025/2026 година,
14. Одлука за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности во 2024 година, а за користење на флексибилно работно време – ФРВ за 2025 година;
15. Одлука за склучување на договори помеѓу Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и приватни здравствени установи, за летен семестар во учебната 2024/2025 година;
16. Одлука за усвојување на Идејно решение за организација на патронен празник на УГД 2025;
17. Одлука за усвојување на План за настан на УГД „Саем за кариера и отворен ден на Универзитетот 'Гоце Делчев'– Штип“ за 2025 година;
18. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на втора фаза од интерниот проект „Обезбедување на контрола на квалитетот во високообразовниот процес на УГД“;
19. Одлука за реализација на набавки предвидени со проект Applied, Connected, Entrepreneurial and Engaged- European University – ACE2EU, со reference number „Project 101177596 - ACE2EU“;
20. Одлука за годишна претплата на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за користење на интернет услугите од RIPE NCC за 2025 година;
21. Одлука за годишно членство на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во УНИАДРИОН – Меѓународна асоцијација на универзитети од Јадранско-Јонскиот регион за 2025 година;
22. Одлука за прифаќање на Понуда од ЈПКД „Комуналец“ – Струмица за одржување на дворно место на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
23. Одлука за давање согласност на Барањето од Државниот испитен центар на РСМ за користење на големи простории, сопственост на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, заради реализација на државната матура за учебната 2024/2025 година;
24. Одлука за донација на новогодишни пакетчиња на децата од ДСУ „ИСКРА“ – Штип;
25. Одлука за одобрување на позајмица за завршно финансирање на проектот NEWAVES - Collaborative Alliance for Radio Recovery and Boost of Community News Media in Lowdensity Territories;
26. Одлука за покривање на трошоци за учество на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на Саем на образование 2025 година.

**238. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 17.3.2025 година**

1. Одлука за формирање на Кризен штаб;
2. Одлука за формирање на Центар за психолошка поддршка на студентите погодени од несреќата во ноќниот клуб во Кочани;
3. Одлука за адаптирање на наставата и наставните активности во услови на седумдневна жалост;
4. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за издавачка дејност;
5. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
6. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Благица Донева;
7. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Ѓорѓи Димов;
8. Одлука за доделување на звањето почесен професор на науки (Professor Honoris Causa) на проф. д-р Џузепе Каталди (Giuseppe Cataldi);
9. Одлука за ангажирање на доц. д-р Владимир Којовиќ како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
10. Одлука за доделување на награди по повод 27 март – патронат на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за 2025 година;
11. Одлука за доделување на Плакета во знак на признание за особен придонес на развојот и афирмацијата на Универзитетот;
12. Одлука за усвојување на Извештај за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за периодот 2021-2024 година;
13. Одлука за усвојување на измени и дополнување на Процедурата за премин на студентите внатре во Универзитетот и од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип;
14. Одлука за одржување на Втор симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата на Факултетот за медицински науки;
15. Одлука за одобрување на кофинансирање за затворање на сметката на проектот „Be In – Business eco-system as an integrated system", во рамките на програмата Interreg – IPA CBC Greece-Republic of North Macedonia;
16. Одлука за продолжување на членството на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во асоцијацијата Ректорски форум на Југоисточна Европа и Западен Балкан;
17. Одлука за исплата на бонус плата за лица кои имаат изработено повеќе од 150 часа прекувремена работа;
18. Одлука за давање согласност за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар бр. 51-3492/1 од 13.6.2010 година („Сл. весник" бр. 81/10);
19. Одлука за давање согласност за престанок на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар бр. 51-3493/1 од 13.6.2010 година („Сл. весник" бр. 81/10).

**239. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 28.3.2025 година**

1. Одлука за покривање на трошоци за стручни лица – психолози, ангажирани во наставата и во привремено формираниот Центар за психолошка поддршка на студентите погодени од несреќата во ноќниот клуб во Кочани;
2. Одлука за давање согласност на Предлог-барањето за промена на форматот на Универзитетското радио УГД-ФМ од традиционална во онлајн дигитална форма;

3. Одлука за изменување и дополнување на План за настан на УГД „Саем за кариера и отворен ден на Универзитетот 'Гоце Делчев' – Штип“ за 2025 година.

**240. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 2.4.2025 година**

1. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, усогласен со минималната бруто-плата од март 2025 година („Службен весник на РСМ“ бр. 67/25).

**241. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 28.4.2025 година**

1. Одлука за формирање на Комисија за верификација на мандатот на членовите на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Одлука за верификација на мандатот на членовите на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
3. Одлука за формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на претседател на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
4. Одлука за избор на претседател на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**242. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 28.4.2025 година**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за издавачка дејност;
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
3. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Мире Спасов;
4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Марио Старешиниќ како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
5. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Винета Сребренкоска на друг универзитет;
6. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Ранко Младеноски во реакредитација на студиска програма на друг универзитет;
7. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година;
8. Одлука за усвојување на Интерен проект „УГД – Меѓународен фестивал за современа музика 2025“;
9. Одлука за усвојување на Интерен проект „УГД Чекор кон светот 2025“;
10. Одлука за усвојување на Извештај за завршени активности по Идејно решение за организација на патронен празник на УГД 2025;

11. Одлука за усвојување на Извештај за завршени активности по План за настан на УГД „Саем за кариера и отворен ден на Универзитетот ʿГоце Делчевʿ – Штип“ за 2025 година;
12. Одлука за усвојување на Извештај за проценета вредност за набавка на ПП апарати, изведба на хидрантска мрежа со хидранти и сервисирање и поставување на нови системи за детекција и дојава на пожар во сите објекти на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
13. Одлука за усвојување на ревидирани планови за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на сите објекти на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
14. Одлука за организирање и спроведување на практични вежби за евакуација и спасување во објектите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
15. Одлука за одржување на 14. Симпозиум со меѓународно учество од областа на дентална медицина на Факултетот за медицински науки;
16. Одлука за партиципација на средства за организација на 8. Меѓународна научна конференција во рамките на Факултетот за туризам и бизнис логистика;
17. Одлука за партиципација на средства за организирање на Фестивал на уметноста „Уметничка визија“ во рамките на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
18. Одлука за одобрување на користење на финансиски средства од Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
19. Одлука за годишно членство на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во ELFA – European Law Faculties Association (Асоцијација на европските правни факултети);
20. Одлука за исплата на надоместок на членовите на Комисијата за спроведување на самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за периодот 2021-2024 година;
21. Одлука за определување на временски период во кој вработените на Универзитетот колективно ќе го користат првиот дел од годишниот одмор за 2025 година;
22. Одлука за користење на еден ден од годишниот одмор на сите вработени на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
23. Одлука за исплата на фиксен надоместок за ангажирање на проф. м-р Марјан Николовски за учество во наставно-образовниот процес на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**243. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 12.5.2025 година**

1. Одлука за формирање на Универзитетска изборна комисија за спроведување на постапката за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Ленче Николовска;
3. Одлука за усвојување на Кодекс на универзитетските медиуми (УГД ФМ, ТВ, ВЕБ и печат);
4. Одлука за усвојување на Извештај за завршени активности за учество на Саем на образование 2025 година;
5. Одлука за одобрување/акредитирање на Програма за спроведување на обуки под наслов „Структура на интегритетот и практична имплементација на новите

елементи со цел зајакнување на отпорноста кон ризиците од корупција“ во рамките на Центарот за доживотно учење при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;

6. Одлука за одобрување/акредитирање на Програма за спроведување на обуки под наслов „Основи на сајбербезбедност за правници“ во рамките на Центарот за доживотно учење при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
7. Одлука за усвојување на Предлог-план за организирање на настан „18 години УГД – Соработка и партнерства“.

**244. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 4.6.2025 година**

1. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Ирена Китанова;
2. Одлука за потврдување на изборот на проф. д-р Рисима Матевска-Мијановиќ за дописен член на Македонската академија на науките и уметностите – МАНУ;
3. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, усогласен со минималната бруто-плата од март 2025 година („Службен весник на РСМ“ бр. 67/25);
4. Одлука за организирање на Стручен собир со наслов „Денови на инклузијата – со љубов и поддршка да создадеме свет без бариери“ на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
5. Одлука за усвојување на Извештај за завршени активности согласно со организираниот Фестивал на уметноста „Уметничка визија 2025“ во рамките на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
6. Одлука за усвојување на Извештај за завршени активности согласно со Предлог-планот за организирање на настан „18 години УГД – Соработка и партнерства“;
7. Одлука за усвојување на Извештај за завршени активности согласно со Планот за бесплатна програма за подготовка на средношколци за полагање државна матура од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
8. Одлука за регистрирање на порталот за млади www.goce.mk при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали;
9. Одлука за усвојување на Интерен проект „Дигитална трансформација на УГД ФМ“;
10. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на активностите од Интерниот проект „УГД – Меѓународен фестивал за современа музика 2025“;
11. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Невенка Дуковска;
12. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на м-р Наташа Трбојевиќ;
13. Одлука за потврдување на изборот на проф. м-р Антонијо Китановски за дописен член на Македонската академија на науките и уметностите – МАНУ;
14. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Афродита Зенделска.

**245. редовна седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 9.7.2025 година**

1. Одлука за потврдување на изборот на декан на Економски факултет;
2. Одлука за потврдување на изборот на декан на Правен факултет;
3. Одлука за потврдување на изборот на декан на Земјоделски факултет;
4. Одлука за потврдување на изборот на декан на Факултет за образовни науки;
5. Одлука за потврдување на изборот на декан на Филолошки факултет;
6. Одлука за потврдување на изборот на декан на Факултет за информатика;
7. Одлука за потврдување на изборот на декан на Електротехнички факултет;
8. Одлука за потврдување на изборот на декан на Машински факултет;
9. Одлука за потврдување на изборот на декан на Технолошко-технички факултет;
10. Одлука за потврдување на изборот на декан на Факултет за природни и технички науки;
11. Одлука за потврдување на изборот на декан на Факултет за туризам и бизнис логистика;
12. Одлука за потврдување на изборот на декан на Музичка академија;
13. Одлука за потврдување на изборот на декан на Ликовна академија;
14. Одлука за потврдување на изборот на декан на Филмска академија;
15. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за издавачка дејност;
16. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
17. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Доне Стојанов;
18. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Наташа Стојковиќ;
19. Одлука за ангажирање на д-р Жан-Франсуа Жестен како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
20. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Елена Максимова на друг универзитет;
21. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Марија Амповска на друг универзитет;
22. Одлука за доделување партиципации на студенти кои ќе бидат запишани на прв циклус на студиските програми за прва година на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип во учебната 2025/2026 година;
23. Одлука за ослободување од плаќање партиципација за сите активни редовни студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус студии на студиската програма Македонски јазик и книжевност во учебната 2025/2026 година од прва до четврта година на студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
24. Одлука за доделување партиципации на студенти кои ќе бидат запишани во прв, втор и трет уписен рок на прв циклус студии на студиските програми за прва година на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип во учебната 2025/2026 година;
25. Одлука за утврдување на висината на школарината за студиската програма на втор циклус студии на англиски јазик International Law and international relations (Меѓународно право и меѓународни односи) на Правен факултет;

26. Одлука за пренос на средства од една на друга сметка од групата на сметки на сопствени приходи на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
27. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за прием на кандидати по распишаниот Конкурс за запишување студенти на прв циклус студии за учебната 2025/2026 година;
28. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за прием на кандидати по распишаниот Конкурс за запишување студенти на втор циклус студии за учебната 2025/2026 година;
29. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за прием на кандидати по распишаниот Конкурс за запишување студенти на трет циклус студии за учебната 2025/2026 година;
30. Одлука за ангажирање на две лица (модели) за потребите на Ликовната академија при „Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
31. Одлука за продолжување на правото на пристап и користење на лиценца на софтвер: Match – Phase Analysis Using Powder Diffraction (Version 4) за потребите на Факултетот за природни и технички науки;
32. Одлука за одобрување средства за набавка на додаток (plugin Elementor pro) за веб-страниците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
33. Одлука за организирање на VI студентска конференција со наслов „Критични прашања во земјоделството и животната средина“ на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
34. Одлука за усвојување на Времен извештај за извршени активности во рамките на Интерниот проект „УГД Чекор кон светот 2025“;
35. Одлука за усвојување на Завршен извештај за завршени активности во рамките на Интерниот проект „Анализа, моделирање и дизајн на нова верзија на студентскиот информациски систем Е–индекс“;
36. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Компјутерски науки на прв циклус студии на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
37. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Компјутерско инженерство и технологии на прв циклус студии на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
38. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Математика – наставна на прв циклус студии на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
39. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Геологија на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
40. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Дизајн на ентериер и мебел на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
41. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Индустриска логистика на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;

42. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Инженерство за заштита на животната средина на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
43. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Рударство на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
44. Одлука за основање на Канцеларија на ACE2EU Алијансата во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**246. седница на Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 10.9.2025 година**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за издавачка дејност;
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
3. Одлука за потврдување на изборот во звање редовен професор на д-р Невена Серафимова;
4. Одлука за склучување на Менаџерски договор со ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
5. Одлука за распишување на Конкурс за избор на демонстратори на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип за учебната 2025/2026 година;
6. Одлука за формирање на работна група за Прв академски час „Бруцошка на УГД“ за учебната 2025/2026 година;
32. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Индустриска логистика на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
33. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Инженерство за заштита на животната средина на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
34. Одлука за усвојување на Елаборат за реакредитација на студиска програма Рударство на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
35. Одлука за основање на Канцеларија на ACE2EU Алијансата во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
36. Одлука за изменување на координатор за односи со јавноста и маркетинг на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**260. редовна седница на Ректорска управа на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 10.9.2025 година**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за издавачка дејност;
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
3. Одлука за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на докторски студии на Кампус 2, Кампус 3 и Кампус 4 за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за зимски и летен семестар во учебната 2025/2026 година;
4. Одлука за дополнување на Одлуката за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на единиците на Универзитетот за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за зимски и летен семестар во учебната 2025/2026 година;
5. Одлука за распишување на Конкурс за избор на демонстратори на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип за учебната 2025/2026 година;
6. Одлука за формирање на работна група за Прв академски час „Бруцошка на УГД“ за учебната 2025/2026 година;
7. Одлука за избор на член во Управен одбор на Државен студентски дом „Браќа Миладиновци“ – Штип;
8. Одлука за усогласување на Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за прв, втор и трет циклус на студии со Законот за високо образование („Службен весник на РСМ“ бр. 82/18, 154/19, 178/21, 58/24 и 124/25) и потребите на електронскиот индекс;

9. Одлука за усогласување на дејностите кои ги врши Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, согласно со Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.35/24 и 84/25);
10. Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Технолошко-техничкиот факултет како коорганизатор на Меѓународна научна конференција во Белград, Р. Србија;
11. Одлука за одобрување на финансиски средства на Факултетот за туризам и бизнис логистика за учество во активностите за организација на Меѓународен студентски симпозиум – 2025 година;
12. Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на настан „25 години издавачка дејност на Земјоделски факултет при Универзитетот ʽГоце Делчевʽ - Штип“;
13. Одлука за партиципација на средства и покривање на други трошоци за организација на 12. Меѓународна научна конференција во рамките на Правен факултет;
14. Одлука за номинација на најдобар дипломиран инженер за признанието Инженерски прстен 2025 на Факултетот за информатика;
15. Одлука за номинација на најдобар дипломиран инженер за признанието Инженерски прстен 2025 на Факултетот за природни и технички науки;
16. Одлука за позајмица за потребите на проектот „Mobility of higher education students and staff supported by internal policy funds“ од програмата Еразмус+, KA131, финансиран од Европската комисија;
17. Одлука за одобрување на финансиски средства за печатење на број 19 и број 20 од меѓународното научно списание „Палимпсест“;
18. Известување за организирање на работата и изведување на наставата во Наставен центар Струмица.

**261. редовна седница на Ректорска управа на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 22.9.2025 година**

1. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Данче Василева на друг универзитет;
2. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Ленче Николовска на друг универзитет;
3. Одлука за давање на согласност за ангажирање на проф. д-р Тоше Крстев на друг универзитет;
4. Одлука за усогласување на дејностите кои ги вршат подружниците/факултетите основани во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, согласно со Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите – НКД Рев.2.1 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.35/24 и 84/25);
5. Одлука за одобрување средства за откупување на 100 (сто) кодови за пристап до платформата PhysioEx (компјутерски лабораториски симулации) за потребите на студентите по предметот Физиологија на Факултетот за медицински науки;
6. Одлука за позајмица за потребите на проектот „Robo STEAM – Inclusive Technologies – ST(R)EAM IT“ од програмата Еразмус+, KA220.

### 2.3. Кадровска состојба и прашања

Кадровската состојба и прашања се составен дел од работењето на Одделението за човечки ресурси, каде што се извршуваат следниве работи: административна поддршка за избор на административен, наставнички или соработнички кадар, изготвување на договори и анекси за вработување или други видови на договори, отворање и ажурирање досие за вработен/хонорарно ангажиран и на електронско досие, пријавување и одјавување на вработените во Агенцијата за вработување и во Фондот за здравствено осигурување, изготвување на извештаи и други општи и посебни акти за редовност на работа, годишни одмори, отсуства од работа, изготвување опомени, решенија за парични казни, како и решенија за наградување на вработените, комплетирање на документи и доставување барања до министерствата за реализирање на одредени права на вработените согласно со Законот, изготвување на извештаи по барање на соодветни министерства, Народен правобранител, Државен завод за статистика и други институции, други работи за потребите на секторот и одделението.

**Активности во Одделот за човечки ресурси во студиската 2024-2025 год.**

Вкупен број на вработени на УГД – 515:
- мажи 201 и
- жени 314.



- Од вработените за извештајниот период:
    - редовни професори – 181
    - вонредни  професори – 70
    - доценти – 55
    - виши лектори – 4
    - асистенти – 12
    - лаборанти со ВСС – 20
    - виши лаборанти – 3
    - кореспонденти – 3.




- Распишани конкурси:
    - во сите звања – 40
    - во насловно звање – 19
    - во наставно-стручно звање – 3
    - соработници/асистенти – 2
    - соработници/лаборанти – 2.

- Избори во наставно-научни, наставно-стручни, насловни и соработнички звања:
  - избор во редовен професор – 20
  - избор во вонреден професор – 8
  - избор во доцент – 10
  - реизбор на виш лектор – 2
  - избор на асистент – 1
  - реизбор на асистент – 1
  - реизбор на лаборант – 2
  - избор во звање (насловен доцент/насловен вонреден) – 19.




- Прекинат работен однос:
  - со отказ од страна на вработен – 1
  - пензионирање – 9.



- Побарани се согласности за вработување на:
  - наставници – 17
  - асистенти – 8
  - лаборанти – 4 и
  - административен кадар – 10.




Од добиените согласности за вработување за фискалната 2024 г. се реализирани:
  - наставник – 4 / 4 реализирани
  - асистенти – 1 /  1 реализирани
  - административен кадар –1 / 1 реализирани.



За барањата за вработување во 2025 г. сè уште немаме добиено одговор од Министерство за образование и наука и Министерство за финансии.

Во текот на периодот 2024-2025 г. на Универзитетот:

- За сите нови вработени и избрани во исти или повисоки звања, согласно со одлуките за избор, изработени се договори за вработување и анекси за плата;
- За сите вработени се изработени анекси за плата, согласно со Законот за високото образование;
- За сите вработени се изработени анекси за плата, согласно со Законот за минимална плата;
- По горецитираните основи, во студиската 2024-2025 г. на Универзитетот се изработени вкупно 52 договори за вработување и 1245 анекси за плата;
- За сите вработени на кои им е прекинат работниот однос се изработени одлуки и решенија, а за пензионираните и барања за отпремнина;
- Два пати годишно (семестрално) се изработуваат договори за уредување на меѓусебните права и обврски со ангажирани наставници од други универзитети, наставници во насловни звања и стручњаци од практиката и се подготвува исплата на хонорарот предвиден во договорите;
- Еднаш годишно се изработува анекс на договори за вработување за ангажираноста на вработениот наставно-научен и наставно-стручен кадар;
- Два пати годишно се изработуваат решенија за користење на делови од годишниот одмор за сите вработени;
- Во определениот рок е постапено по сите барања од вработените (мирување на работен однос, потврди за редовен работен однос, денови од годишен одмор, платен одмор заради лични и семејни околности, барање на парична помош поради смрт на член на семејството, барање на мајка доилка, барање за прекинување на породилно отсуство, здравствено осигурување на член на семејство и др.).

Во текот на периодот 2024-2025 г. се исполнети обврските кон надлежните државни институции:

- Изработен и одобрен (од Министерството за образование и наука и од Министерство за јавна администрација) Годишен план за вработување за 2026 година;
- До Министерството за јавна администрација доставени се Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за 2024 година за втората половина и Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за првата половина на 2025 година;
- Во системот за човечки ресурси HRMIS на Министерството за информатичко општество и администрација и во системот за човечки ресурси Microsoft Dynamics на Универзитетот тековно се внесуваат сите промени во врска со статусот и звањата на вработените, како и промените на личните податоци;
- До Заводот за статистика квартално се доставуваат статистички податоци поврзани со анкета за слободни работни места;
- Два пати годишно до Министерство за образование и наука се доставуваат известувања за вработените (титули, звања, образование, планирани пензионирања, нови избори...) на Универзитетот;
- Два пати годишно до Министерство за образование и наука се доставува Барање на согласност за ангажирање на наставници од други универзитети, наставници во насловни звања и стручњаци од практиката;

- Еднаш годишно до Министерството за јавна администрација се доставува Годишен извештај од ИСУЧР - проверка, ажурирање и потврда на податоци за вработени во институции од јавниот сектор.

### 2.4. Универзитетски билтен и Универзитетски гласник

На Универзитетот за периодот од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година се издадени јавни гласила во форма на *Универзитетски билтен*, каде што се објавуваат: рецензии, реферати и други акти на Универзитетот, на единиците и на придружните членки на Универзитетот утврдени со општите акти на Универзитетот.

*Универзитетскиот билтен* излегува најчесто двапати месечно и неговата динамика на објавување е околу 20 броја годишно.

*Универзитетскиот гласник*, кој ги сублимира интерните акти на УГД, излегува периодично и неговото објавување се движи од 3 до 6 броја годишно.

### 2.5. Имотно-правни работи

На Универзитетот за периодот од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година се не се донесени и спроведени имотно-правни акти.

### 2.6. Други аспекти

На единиците при Универзитетот за периодот од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година се донесени и прифатени од наставно-научниот, односно наставно-научниот и уметнички совет на истите годишни извештаи за работа на деканите.

Извештаите го опфаќаат целокупното работење на единиците при Универзитетот со одржаните наставно-научни, односно уметнички совети, донесените одлуки, наставно-образовната дејност на единицата, научноистражувачка дејност на академскиот кадар, издавачката дејност и меѓународната соработка на единицата.

# 3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## 3.1. Уписи на прв, втор и трет циклус студии

На Универзитетот за периодот од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година се спроведени уписите на:

- Прв циклус студии со три уписни рокови:
- Прв уписен рок од 20.8.2025 до 22.8.2025 година;
- Втор уписен рок од 4.9.2025 до 5.9.2025 година;
- Трет уписен рок од 17.9.2025 до 18.9.2025 година.

Информациите за запишаните студенти се однесуваат на запишани студенти по објавен Конкурс на Универзитетот за 2024/2025 година, странски студентите кои се запишале во студиската 2024/2025 година, студенти со префрлување од други универзитети, владини стипендисти, средно образование во странство и бранители:

| Факултет | Прв циклус |
|---|---|
| Економски факултет | 104 |
| Електротехнички факултет | 31 |
| Земјоделски факултет | 45 |
| Ликовна академија | 4 |
| Машински факултет | 27 |
| Музичка академија | 37 |
| Правен факултет | 95 |
| Технолошко-технички факултет | 16 |
| Факултет за информатика | 166 |
| Факултет за медицински науки | 538 |
| Факултет за образовни науки | 59 |
| Факултет за природни и технички науки | 94 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 160 |
| Филмска академија | 9 |
| Филолошки факултет | 76 |




- Уписи за втор циклус студии

Анализираниот период од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година опфаќа еден уписен рок: Студиска 2025/2026 година – уписен рок

| Факултет | Втор циклус, студиска 2025/2026 г. |
|---|---|
| Економски факултет | 17 |
| Електротехнички факултет | 1 |
| Земјоделски факултет | 7 |
| Ликовна академија | 5 |
| Машински факултет | 2 |
| Музичка академија | 15 |
| Правен факултет | 11 |
| Технолошко-технички факултет | 5 |
| Факултет за информатика | 6 |
| Факултет за медицински науки | 91 |
| Факултет за образовни науки | 14 |
| Факултет за природни и технички науки | 25 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 8 |
| Филмска академија | 1 |
| Филолошки факултет | 14 |




- Уписи за трет циклус студии

Анализираниот период од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година опфаќа еден уписен рок, и тоа:

| КАМПУС 3 | Запишани студенти |
|---|---|
| Факултет за медицински науки | |
| Студиска програма: Базични и клинички истражувања во дентална медицина | 4 |
| Студиска програма: Базични и клинички истражувања во медицината | 25 |
| Студиска програма: Фармација | 6 |
| Студиска програма: Биомедицина | 3 |
| КАМПУС 2 | Запишани студенти |
| Факултет за природни и технички науки | |
| Студиска програма: Инженерство за заштита на животна средина | 1 |
| | |
| Факултет за информатика | |
| Студиска програма: Компјутерски науки и инженерство | 2 |
| Земјоделски факултет | |
| Студиска програма: Безбедност на храна | 1 |
| Студиска програма: Лозарство | 1 |
| | |

| | |
|---|---|
| Технолошко-технички факултет | |
| Студиска програма: Наука и технологија за композитни материјали | 2 |
| КАМПУС 4 | Запишани студенти |
| Економски факултет | |
| Студиска програма: Економски науки | 2 |
| Факултет за образовни науки | |
| Училишна педагогија | 2 |
| Правен факултет | |
| Студиска програма: Деловно право | 2 |
| Студиска програма: Казнено право | 2 |
| Студиска програма: Политички систем | 2 |
| Граѓанско право | 1 |
| Меѓународно право и меѓународни односи | 1 |

### 3.2. Усвоени нови/изменети/дополнети наставни програми за прв, втор и трет циклус студии

Периодот дефиниран во овој извештај од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година опфаќа студиски програми кои:

Добиле одлуки за акредитација или решенија за почеток со работа, а тоа се следниве програми:

Прв циклус студии:
- Менаџмент и маркетинг (четиригодишни)
- Сметководство и ревизија (четиригодишни)
- Финансии (четиригодишни)
- Меѓународна економија и бизнис (четиригодишни)
- Фармација на англиски (Pharmacy in English language) (петгодишни)
- Англиски јазик и книжевност - наставна насока (четиригодишни)
- Англиски јазик и книжевност - преведување и толкување (четиригодишни)
- Италијански јазик и книжевност - наставна насока (четиригодишни)
- Италијански јазик и книжевност - преведување и толкување (четиригодишни)
- Турски јазик и книжевност - наставна насока (четиригодишни)
- Турски јазик и книжевност - преведување и толкување (четиригодишни)
- Германски јазик и книжевност - наставна насока (четиригодишни)
- Германски јазик и книжевност - преведување и толкување (четиригодишни)
- Македонски јазик и книжевност - наставна насока (четиригодишни)
- Македонски јазик и книжевност - применета насока (четиригодишни).

Втор циклус студии:
- Финансии (едногодишни)
- Маркетинг менаџмент (едногодишни)
- МБА-менаџмент (едногодишни)
- МБА-менаџмент (двогодишни)
- Сметководство и ревизија (едногодишни)
- Меѓународна економија и бизнис (едногодишни)
- Англиска филологија (едногодишни)
- Германска филологија (едногодишни)
- Италијанска филологија (едногодишни)
- Македонска филологија (едногодишни)
- Турска филологија (едногодишни).

Трет циклус студии:
- /

Следниве студиски програми на прв, втор и трет циклус студии се во процес на акредитација и се поднесени до Одборот за акредитација во периодот од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година:

- Меѓународно право и меѓународни односи на англиски јазик (International law and international relations) (двегодишни)
- Музичар изведувач - Флејта (едногодишни)
- Музичар изведувач - Кларинет (едногодишни)
- Музичар изведувач - Народни инструменти (едногодишни)
- Музичар изведувач - Етнохармоника (едногодишни)
- Џез пијано (едногодишни)
- Џез гитара (едногодишни)
- Џез бас (двегодишни)
- Џез саксофон (едногодишни)
- Дизајн и технологија на текстил и облека (четиригодишни)
- Фитомедицина (четиригодишни)
- Квалитет и безбедност на храна (четиригодишни)
- Поледелство (четиригодишни)
- Градинарство (четиригодишни)
- Лозарство и винарство (четиригодишни)
- Растителна биотехнологија (четиригодишни)
- Компјутерски науки (четиригодишни)
- Компјутерско инженерство и технологии (четиригодишни)
- Математика наставна (четиригодишни)
- Геологија (четиригодишни)
- Дизајн на ентериер и мебел (четиригодишни)
- Индустриска логистика (четиригодишни)
- Инженерство за заштита животна средина (четиригодишни)
- Рударство (четиригодишни)
- Современ танц (тригодишни)
- Балетска педагогија и репетиција (едногодишни)
- Етнокореологија (тригодишни).

## 4. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### 4.1. Податоци за научноистражувачки и меѓународни проекти во државата и во странство

Универзитетот за анализираниот период од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година има активно учество во следниве донаторски проекти:

| Проект, број, програма | Период | Улога: (COO, BEN, AE, OTHER) | Веб-страница |
|---|---|---|---|
| European University Alliance Applied, Connected, Entrepreneurial and Engaged – European University (ACE2-EU) ERASMUS-EDU-2024-EUR-UNIV-1 | 01.11.2024 31.10.2028 | BEN | https://ace-eu.ipsantarem.pt/ |
| NewWaves EACEA.B Creativity, Citizens EU values and joint operations | 09.03.2023 08.06.2025 | BEN | |
| 101087233- CARBONICA | 01.01.2023 31.12.2026 | BEN | https://carbonica-hub.eu/ |
| Robotics and Inclusion of Students with Disabilities in Special Education 2023-1-FR01-KA220-SCH-000164957 | 01.01.2023 31.08.2025 | BEN | |
| 785-CS" Strengthening quality news and independent journalism in the Western Balkans and Turkey II | 01.01.2023 30.01.2026 | BEN | https://birn.eu.com/programmes/strengthening-quality-news-and-independent-journalism-in-western-balkans-and-turkiye-ii/ |
| KA220-2-EE01-KA220-SCH-000094917 Digital teacher's classrooms without borders created with digital technologies | 05.01.2023 04.01.2025 | BEN | https://kaart.noored.ee/en/projects/arc_9577/ |
| Scaling up actions to tackle air pollution UNDP 00129099 | 10.02.2023 | COO | |
| Robo Steam – Inclusive Technologies 2022-1-BG01-KA220-VET-000089434 | 01.10.2022 30.09.2025 | BEN | |
| 101049997 FIT-BALKANS | 01.08.2022 31.07.2025 | BEN | https://www.ur-e.de/projects/fit-balkans |
| 2022-1-LT01-KA220-ADU- | 31.12.2022 | BEN | https://sunintheage.eu/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 000088994<br>Sun in the Age -Mindfulness for Resilience | 30.12.2024 | | |
| A Different Model in Interdicsiplinary Teaching-Physical Education and STEAM 2023-2-IT02-KA210-SCH-000178106 | 13.06.2024 | BEN | |
| Freeze-drying process design for radiopharmaceutical development of peptide-based FAPI and PSMA ready to use kits for labeling with technetium-99m including stability studies on batch formulations-IAEA | 21.05.2024<br>30.06.2029 | other | (other -contractor) |
| 2024-1-MK01-KA171-HED-000215055 Еразмус +2021-2027,Клучна акција KA171HED-Меѓународна кредитна мобилност во високо образование | 01.08.2023<br>31.07.2025 | | 2024-1-MK01-KA171-HED-000215055 Еразмус +2021-2027,Клучна акција KA171HED-Меѓународна кредитна мобилност во високо образование |
| 2024-1-МК01-КА131-ХЕД-000201505 Еразмус + Мобилност во полето на високото образование помеѓу програмски држава | 01.06.2024<br>31.07.2026 | | 2024-1-МК01-КА131-ХЕД-000201505 Еразмус + Мобилност во полето на високото образование помеѓу програмски држава |
| 785-N2<br>Design and standardization of the technology for the production of ready to use kitsfor conjugated<br>Antibody daratumumad and proteinFAPI-based radiopharmaceuticals ,intended for labelling with Lu-177-prof of concept comparative oncology | 12.09.2023<br>01.11.2028 | BEN | 785-N2<br>Design and standardization of the technology for the production of ready to use kitsfor conjugated<br>Antibody daratumumad and proteinFAPI-based radiopharmaceuticals ,intended for labelling with Lu-177-prof of concept comparative oncology |
| Game, set, equality<br>101134022-ERASMUS-SPORT-2023 | 20.11.2023<br>20.11.2024 | BEN | Game, set, equality<br>101134022-ERASMUS-SPORT-2023 |
| Champions of Inclusion and Diversity using Meaningful Physical Education in Primary Schools<br>2023-1-IE01-KA220-SCH-000154934 | 15.09.2023<br>14.09.2026 | BEN | Champions of Inclusion and Diversity using Meaningful Physical Education in Primary Schools<br>2023-1-IE01-KA220-SCH-000154934 |
| Breaking Barriers: Portraits of | 20.05.2024 | BEN | Breaking Barriers: Portraits of |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Women in Investigative Journalism | 20.12.2024 | | Women in Investigative Journalism |
| Innofeit EDIH Project: 101191339 DIGITAL-2023-EDIH-04 | 01.01.2025 31.12.2028 | BEN | https://innofeit-edih.mk/ |

На Универзитетот, во исто време, се активни и следниве проекти објавени на репозиториумот на Универзитетот:

1. Ampovska, Marija (2024) Project: 2024-1-MK01-KA171-HED-000215055.
2. Atanasova-Pacemska, Tatjana and Misajleski, Zoran (2024) CA23134 - Topological textures in condensed matter (Polytopo).
3. Barbareev, Kiril and Stojanov, Trajce and Koceva, Daniela and Runceva, Jadranka (2024) Media literacy.
4. Barbareev, Kiril and Koceva, Daniela and Stojanov, Trajce and Cackov, Oliver and Runceva, Jadranka (2024) Промоција на безбедна училишна средина.
5. Baumgarten, Daniel and Leliaert, Johnatan and Besic, Larisa and Hasicic, Behrija and Angelova, Ralitsa and Gajovic, Srecko and Spirou, Spiridon and Drakalska, Elena and Arev, Marija and Bardea, Amos and Alic, Lejla and Kralj, Slavko and Ortega, Daniel (2024) Magnetic Particle Imaging for next-generation theranostics and medical research (NexMPI).
6. Boskov, Tatjana (2024) ShiNE: Supporting CSOs and media organizations to boost the greeN agenda and circular Economy in the Southeastern region of North Macedonia.
7. Cerrato, Aniello and Smith, Ulf and Maksimova, Viktorija and Miova, Biljana (2024) SENESCENCE2030: Targeting Cell Senescence to Prevent Age-Related Diseases.
8. Cvetkovski, Aleksandar (2024) Modelling of binding affinity of siderophores with redox $Fe^{3+}/Fe^{2+}$ system as a potential new class of anti-parasitic drugs.
9. Cvetkovski, Aleksandar (2024) Quantum Chemical calculations of lattice energy for Clopidogrel picrate pseudopolymorphs. In: COST CA 22107 BEST-CST Project Meeting, 25-26 May 2024, Zagreb, Croatia.
10. Denkova, Jadranka (2024) Извештај за резултатите од социјалното мапирање: „LNOB социјално мапирање и креирање политики базирани на докази во Општина Куманово“. Project Report. Центар за европска граѓанска иницијатива.
11. Gianotti, Andrea and Smilkov, Katarina (2024) COST Action CA23110 - International networking on in vitro colon models simulating gut microbiota mediated interactions (INFOGUT).
12. Gjorgieva Ackova, Darinka (2024) European Network for Sigma-1 Receptor as a Therapeutic Opportunity (SIGMA-1EUROPE) CA23156.
13. Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Mitreva, Mila (2024) „Ден на денарот“-2024.
14. Jankova Alagjozovska, Natka (2024) Зајакнување на идните лидери: партнерство на алумните и младите за промоција на граѓански вредности.
15. Jovanov, Tamara (2024) Climate Promise - From Pledge to Impact.
16. Jovanov, Tamara (2024) Sustainable Business Model in Green transition of Female Entrepreneurs in the Balkan region, ERASMUS-EDU-2023-CB-VET and project No 101128967.
17. Jovanov, Tamara (2024) WP8 Communication, Dissemination, and Impact in ACE2EU (2024-2030).
18. Jovanovska, Sashka (2024) Vulnerable and Endangered Languages in Europe (VELE2024).

19. Jovanovska, Sashka (2024) “Wellbeing at School“- Erasmus Plus project “Natural Born Teachers”.
20. Kalajdziev, Gordan and Karovska Andonovska, Biljana and Gogov, Bogdanco and Peric, Cvetanka and Saveski, Nenad and Krstic, Sandra and Dimovska, Daniela and Pajaziti, Pajazit and Andonova, Spasenka and Bubevski, Gavril and Saramandova, Natasha and Neziri, Ermon and Berzecka Krsteva, Verica and Kadriu Leshi, Engelushe and Najdenov, Aleksandar and Patrovic Arsovska, Snezana and Panov, Zafirco and Pejkoski, Goran and Tumanovski, Aleksandar (2024) Водич за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки.
21. Kambovski, Igor (2024) Правна анализа за статусот на препреки, брани и други инфраструктурни градби во сливното подрачје на реката Пчиња.
22. Karovska Andonovska, Biljana and Volchinova, Radica and Petrova, Maja and Simonovski, Boban (2024) Примена на посебни истражни мерки - Случаи од правосудната практика на Република Северна Македонија.
23. Kitanovski, Antonijo (2024) Toni Kitanovski, invited visiting professor at Zhejiang Conservatory, Hangzhou , China. One month engagement as a musical director, conductor and arranger of CEEC Big Band orchestra.
24. Kitanovski, Antonijo (2024) Translajtanijski valceri, a CD produced by Toni Kitanovski (also arranger and performer), featuring Ahmed Buric and the poetry of Nenad Rizvanovic.
25. Kocaleva, Mirjana (2024) CA22129 - InsectAI - Using Image-based AI for Insect Monitoring & Conservation (InsectAI).
26. Koceva, Daniela and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija (2024) Универзитетски курикулум за интеркултурна работа со млади.
27. Lazarov, Darko (2024) Стратегијата за геолошки истражувања и одржливо искористување на минералните суровини на Република Северна Македонија, 2025-2045: Економска анализа на секторот рударство во РСМ.
28. Lazarov, Darko (2024) A framework for Green Industrial Policies in the Western Balkan: GIP in North Macedonia (country report).
29. Maksimova, Elena and Galeva, Jordanka and Panev, Kristijan and Paneva, Ana and Doneva, Natasa (2024) 11th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World".
30. Mihajlov, Ljupco (2024) “Germany - Western Balkan Agricultural Policy Dialogue (APD-WB)“.
31. Mileva, Aleksandra and Koceski, Saso and Stojanov, Done and Stojkovic, Natasa and Velinov, Aleksandar and Kukuseva, Maja and Anceva, Milka and Chibisheva Noveska, Aleksandra (2024) Securing FHIR Servers: Security Evaluation and AI-Driven Medical Data Analysis and Simulations for Enhanced Healthcare Services.
32. Mirakovski, Dejan and Lazarov, Darko and Srebrenkoska, Sara and Zendelska, Afrodita and Krcheva, Violeta (2024) Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука-бизнис.
33. Nacev, Trajce (2024) Конзерваторско работи на фортификацијата (порта, кула, 1, кула 2, кула 3, кула 4, кула 5, кула 6, северен, јужен, источен и западен одбранбен ѕид) и на објект IX на Цари Мали Град село Белчин - Самоков.
34. Namicev, Petar (2024) Rural architecture in southeast Macedonia from XIX century.
35. Nastić, Maja and Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Blagojević, Anita and Tasić, Anđelija and Obradović, Goran and Dimovski, Darko and Cvetković, Mihajlo (2024) Jean Monnet Module "Digital transformation and human rights: EU perspective" (DIGIRIGHTS).
36. Panev, Kristijan and Naseva, Dijana and Stojanov, Igor (2024) Breaking Barriers: Portraits of Women in Investigative Journalism.

37. Popova, Dushica and Miteva, Natasha (2024) ShiNE: Supporting CSOs and media organizations to boost the greeN agenda and circular Economy in the Southeastern region of North Macedonia.
38. Popovski, Saso (2024) Џез фабрика фестивал Битола 2024.
39. Popovski, Saso (2024) 7 Virtual Jazz Club International Contest (7 Виртуелен џез клуб интернационален натпревар) Италија.
40. Popovski, Saso (2024) 7 Virtual Jazz Club International Contest (7 Виртуелен џез клуб интернационален натпревар) Италија 2024.
41. Sarac, Vasilija (2024) CA23147 - Global Network on Large-Scale, Cross-domain and Multilingual Open Knowledge Graphs (GOBLIN).
42. Smulders, Tom and Nakov, Dimitar (2024) CA23106 - An Evolutionary View to Understanding Affective States across Species (AFFECT-EVO).
43. Todevska, Daniela (2024) Еко-училиште: Да учиме за циркуларна економија за почиста и здрава животна средина.
44. Trbojevik, Natasa and Miteva, Zlatka and Pavlovski, Branko and Jankoski, Marjan (2024) Концерт на Трио академико во Musikhochschule Münster.
45. Trbojevik, Natasa and Miteva, Zlatka and Velkovska-Trajanovska, Valentina (2024) Концерт за флејта и пијано од македонски композитори на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ во концертната сала на Музичката академија при УГД Штип.
46. Trbojevik, Natasa and Miteva, Zlatka and Velkovska-Trajanovska, Valentina (2024) Концерт за флејта и пијано од македонски композитори на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ во Музеј на град Неготино.
47. Trbojevik, Natasa and Miteva, Zlatka and Velkovska-Trajanovska, Valentina (2024) „Концерт за флејта и пијано од македонски композитори на Златка Митева и Наташа Трбојевиќ" во Културно-информативниот центар на РС Македонија во Загреб, Р. Хрватска.
48. Trbojevik, Natasa and Pavlovski, Branko and Miteva, Zlatka and Jankoski, Marjan (2024) Концерт на Трио академико во рамките на Фестивалот „Pro musica" во свечената сала на Културно-информативниот центар во Битола.
49. Velinova, Eva (2024) CA23137 - Print Culture and Public Spheres in Central Europe 1500–1800 (PCPSce).
50. Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Mitreva, Mila (2025) „Ден на денарот“ - 2025.
51. Ivanovska, Biljana (2025) CA22115 - A Multilingual Repository of Phraseme Constructions in Central and Eastern European Languages (PhraConRep).
52. Ivanovska, Biljana (2025) CA23105 - Language Plurality in Europe’s Changing Media Sphere (PLURILINGMEDIA).
53. Jovanov, Tamara (2025) Applied, Connected, Entrepreneurial and Engaged European University (ACE2-EU).
54. Jovanov, Tamara (2025) Climate Promise - From Pledge to Impact 2025: Guidelines for Fostering Green Transition of Women Led SME Working in the Textile Sector.
55. Naumoska, Aneta and Jankova Alagjozovska, Natka and Storchova, Tetiana and Batrynchuk, Zoriana (2025) Key Skills for Future Employability.
56. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste (2025) PRIN 2022 “Getting ready for the present: new global dystopian imaginaries and public engagement. Transcultural and transmedial dialogues between Japanese, Latin American, British and Anglo American cultures” (2022ZTES8N_001) Paola Scrolavezza (University of Bologna). Financed by the European Union - NextGenerationEU through the Italian Ministry of University and Research under PNRR - Mission 4 Component 2, Investment 1.1.
57. Namicev, Petar (2025) Traditional building in Prespa area from XIX century.

### 4.2. Одржани конференции

За извештајниот период се организирани следниве конференции:

- Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип беше домаќин на 3. Конференција „КАРБОНИКА Brain Gain – Јаглеродно земјоделие во фокус: Глобални знаења и локални предизвици“;
- Земјоделски факултет како коорганизатор на Првата меѓународна научна агробизнис конференција „АГРО МАК 2025" (4 - 6 април 2025 год.);
- коорганизирање на Меѓународна научна конференција со Институтот за заштита на растенијата и животната средина од Белград;
- Меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет; Правен факултет Штип – 2025;
- на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се одржа 27. Меѓународен симпозиум на турската култура. Симпозиумот беше организиран во рамките на 32. Меѓународен фестивал на пролетни веселби во Чаликли, поддржан од Институтот за истражување на народната култура во Анкара и во соработка со Здружението ХИД-БАХ-ШЕН-ФЕСТ и Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Филолошкиот факултет организираше Тркалезна маса, по повод 80 години од кодификацијата на македонскиот јазик;
- Електротехнички факултет беше дел од седмиот интернационален „First Lego League Challenge“, кој се одржа во Дајмонд мол;
- Меѓународна научна конференција „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“ во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- 16. традиционална Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот во хотел „Аполонија“, Гевгелија;
- Факултетот за туризам и бизнис логистика организира настан „Културните и креативните индустрии - предизвик за туризмот, културата, културното наследство и економијата“ во чиј фокус е промоцијата на научниот зборник, кој е резултат од конференцијата „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“ и конференцискиот панел „Предизвиците во бизнисот, туризмот, културата и културното наследство“;
- Факултет за туризам и бизнис логистика како коорганизатор на Третата глобална женска лидерска конференција по покана на Здружението за вмрежување на успешни жени, едуцирање и истражување „Јас сум жена“;
- Втора национална конференција „Културното наследство меѓу туризмот и идентитетот“, организирана во рамките на Факултетот за туризам и бизнис логистика;
- 14-16 мај во просториите на Ликовната академија се одржа Фестивалот на уметност „Ликовна визија“ и отворање на изложба „Корените и крилјата на уметноста“ од страна на Технолошко-технички факултет;
- Технолошко-техничкиот факултет како коорганизатор на Меѓународна научна конференција во Белград, Р. Србија;
- Групна изложба, Професори и студенти на академиите 2025, МКЦ, Скопје, Ликовна академија;
- Реализирање на предавања и работилници, Денови на инклузијата „Со љубов и поддршка да создадеме свет без бариери", Факултет за образовни науки;
- Воспитание / Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, Факултет за образовни науки;
- Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), Факултет за информатика.

**Студентски конференции:**

- Студентска конференција со наслов „Критични прашања во земјоделството и животната средина“ на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- Студентска годишна изложба (2025). Студентска годишна изложба. На 22 мај 2025 година, во просториите на Ликовната академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ се одржа Годишна студентска изложба на студентите од Ликовната академија, Технолошко-техничкиот факултет и Факултетот за природни и технички науки – Катедра за дизајн на ентериер и мебел;
- Филолошкиот факултет организираше работилница на тема „Мајчиниот јазик - минато, сегашност и иднина“ со студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност;
- Модни ревии во склоп на Shtip Fashion Days (2024). Студентите од ТТФ, од насоката Дизајн на текстил и облека од 3 и 4 година, како и магистри заедно со Здружението за работнички права „Гласен текстилец“, како и пет компании од Општина Штип учествуваа во „Денови на модата”;
- Студенти од Електротехничкиот факултет учествуваа на конференцијата од областа на обновливи извори на енергија и одржливост, организирана од AKUO Energy, во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини;
- Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел од Музичка академија при УГД - Штип (организација и уметничка придружба со студентите од класите по флејта и кларинет) концертна сала на МА.

### 4.3. Научноистражувачка инфраструктура (научноистражувачки лаборатории и акредитирани лаборатории и сл.)

**Лабораторијата УНИЛАБ**

Во периодот 1.10.2024-1.10.2025 г. во лабораторијата УНИЛАБ при Катедрата за заштита на растенијата и животната средина на Земјоделски факултет е спроведен редовен годишен Надзор на ден 11.12.2024 г. од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија. Од страна на лабораторијата УНИЛАБ беа пријавени 49 методи за тестирање на: а) примероци од животната средина: почва, вода и седименти; б) неоргански ѓубрива, в) земање примероци и тестирање за квалитет на семе, г) тестирање на храна: масти и масла, вино и алкохолни пијалаци, овошје и зеленчук, житарки, лековити, ароматични билки и зачини и фармацевтски производи. Дел од акредитираните методи се методи со флексибилен опсег на мерење. По спроведениот надзор, лабораторијата доби одобрение за реакредитација на пријавените 49 методи на работа, со Сертификат за акредитација бр. ЛТ-028 со важност од 11.3.2025 г., објавен на следниов линк: https://unilab.ugd.edu.mk/images/imagesDPEP/sliki_za_lab/sertifikat_akreditacija1.pdf.

Лабораторијата е акредитирана за тестирање на примероци согласно со Стандардот МКС EN ISO/IEC 17025: 2018, со датум на доделување на акредитацијата од 27.1.2012 г. По направената оценка од страна на Надзорот, УНИЛАБ добива нов Сертификат со важност до 26.1.2028 г. (односно со период на важност за следните 4 години од доделувањето). Лабораторијата УНИЛАБ, покрај апликативната дејност, овозможува и спроведување на научноистражувачка дејност. Во периодот од 1.10.2024 до 1.10.2025 г. се спроведени истражувања за изработка на дипломски, магистерски и докторски трудови од кандидати на Земјоделскиот факултет и кандидати од Факултетот за природни и технички науки, како и од други национални и интернационални универзитети, во склоп на научноистражувачката соработка.

**Лабораторија АМБИКОН**

Лабораторијата АМБИКОН при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, под раководство на ректорот проф. д-р Дејан Мираковски, врши мерење и анализи во согласност со препораките на Светската здравствена организација (СЗО) и локалните специфики за квалитетот на воздухот, кои вклучуваат анализа на:

- масена и бројна концентрација, како и хемискиот состав на суспендираните честички;
- концентрацијата на биоаеросоли (вкупен број);
- концентрацијата на гасовити загадувачи вклучително СО2, СО, органски испарливи компоненти и формалдехид (трендови и просечни концентрации);
- анализа на параметрите на проветрување и термален комфор во просториите.

Лабораторијата има акредитирани методи кои се однесуваат на:

- контрола на квалитативните и квантитативните параметри на амбиентниот воздух во реални услови и реално време;
- утврдување на нивото на персонална експозиција на одделни штетности;
- испитување на морфологијата и хемискиот состав на најразлични материјали;
- определување на квантитативно-квалитативен состав на елементи во испитуваниот примерок, квалитативен минералошки состав и гранулометриски состав на суспензии или примероци во прав;
- петрографски испитувања;
- земање на примероци за одредување на концентрации на азбест во воздух;
- одредување на бројна концентрација на неоргански влакна на примероци од воздух.

Во периодот од 18 до 26 септември 2024 година, како дел од тимот на лабораторијата АМБИКОН учествуваше на форуми кои беа организирани во три сесии за секоја од петте општини (Гостивар, Струга, Кавадарци, Струмица и Куманово, со присуство на граѓани и невладини организации во рамки на проектот „Справување со загадувањето на воздухот", кој го спроведедува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во Република Северна Македонија во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица, со финансиска поддршка од Шведска.

Во рамки на проектот беше направено мерење на квалитетот на воздухот во вкупно 10 јавни објекти (училишта и градинки) кои се лоцирани во петте града.

Од октомври до декември 2024 година, резултатите од оваа студија беа презентирани на два големи настани на кои присуствуваа бројни истакнати гости.

На 14 октомври 2024 година, ректорот проф. д-р Дејан Мираковски ги презентираше резултатите на конференција организирана од УНДП во хотелот „Александар палас", додека на 11 ноември 2024 година резултатите ги презнтираше на конференција организирана од УНДП во хотелот „Мериот".

Резултатите од проектот беа дисеминирани преку телевизиски интервјуа и интервјуа во повеќе печатени медиуми, во кои учествуваше ректорот, вклучувајќи го и учеството во емисиите на ТВ Телма, МРТВ и ЗНМ.

Во периодот јануари - март 2025 година ректорот учествуваше во прегледот на акционите планови за подобрување на квалитетот на воздухот во сите пет општини, кои беа подготвени од Центарот за климатски промени.

За понатамошно дисеминирање на резултатите од проектот и креирање политики базирани на податоци, раководителот на проектот на УНДП и ректорот на УГД ги презентираа наодите, особено оние од студиите за пропорционирање на изворите на загадување, пред пратениците во Собранието на Северна Македонија на 20 мај 2025 година. Презентирањето беше фокусирано на прашањето за загадувањето на воздухот.

Наодите од студиите за пропорционирање на изворите на загадување беа презентирани

и во соработка со Клаудио Белис од JRC, главен автор на Европскиот водич за распределба на изворите на загадување на воздухот со рецепторски модели. Овие резултати беа претставени на два големи настани на кои учествуваше ректорот: Квалитет на воздухот во градовите на Западен Балкан - јавен придружен настан на JRC на Министерскиот состанок 2024, одржан во Скопје на 30 септември 2024 година и Состанокот на Заедничкиот консултативен комитет на Комитетот на регионите со Северна Македонија, одржан во Европската комисија во Брисел на 28 мај 2025 година.

На 29 мај 2025 година учествуваше во панел-дискусијата „Циркуларна економија и отпадот како ресурс“ на 6. Меѓународна конференција организирана од страна на Македонска асоцијација за управување со цврст отпад (MaSWA) „Патот до одржливо управување со отпад“

Од 1.6.2025 г. како раководител на проектот Поддршка за изработка на Првиот двогодишен извештај за транспарентност на Северна Македонија и комбинираниот Втор двогодишен извештај за транспарентност и Петтата национална комуникација за климатските промени за Секторот земјоделство, шумарство и промена на користење на земјиште (AFOLU) активно учествува на координативните состаноци и изработка на извештаите.

### 4.4. Објавени трудови во референтни научни публикации

Во 2024 година бројот на депонираните документи во репозиториумот на Универзитетот (http://eprints.ugd.edu.mk) е 1232, од коишто 485 се во категоријата на трудови, 73 се книги, поглавја од книги и монографии. За истиот период се објавени и е учествувано на 445 конференции и научни собири, реализирани се 48 настапи и 47 изложби.




На Универзитетот за извештајниот период се објавени и 100 публикации индексирани во Scopus, од кои: Q1 – 32 публикации, Q2 – 27 публикации, Q3 – 26 публикации, Q4 - 15 публикации.

Значајно е да се спомене дека Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип со сопствени средства обезбеди лиценциран пристап до Скопус базата на податоци за сите вработени и студенти, со цел јакнење на истражувачките капацитети и подобрување на научноистражувачката дејност на Универзитетот.

Академискиот кадар и студентите на Универзитетот беа наградени за својот труд со доделување на награди и признанија за научните достигнувања.

Добитници на награди се: Награда за труд на магистранд од областа на медицински науки, 2024 година (д-р Надица Драскачева); Награда за труд на докторанд од областа на природни науки за 2024 година (ас. м-р Павлинка Кокошкарова); Награда за труд на докторанд од областа на медицински науки за 2023 година (насл. доц. д-р Маја Чочевска); Награда за научна продуктивност од областа на природни науки, 2024 година (проф. д-р Рубин Гулабоски); Награда за научна продуктивност од областа на технички науки, 2024 година (проф. д-р Ванчо Аџиски); Награда за научна продуктивност од областа на медицински науки, 2024 година (насл. доц. д-р Маја Чочевска); Награда за научна продуктивност од областа на општествено-хуманистички науки, 2024 година (проф. д-р Билјана Петревска); Награда за научна цитираност од областа на природни науки, 2024 година (проф. д-р Татјана Рушковска); Награда за научна цитираност од областа на технички науки, 2024 година (проф. д-р Ванчо Аџиски); Награда за научна цитираност од областа на медицински науки, 2024 година (проф. д-р Сотирија Дувлис); Награда за научна цитираност од областа на општествено-хуманистичките науки, 2024 година (проф. д-р Билјана Петревска); Награда за коавторство на труд објавен во најпрестижно списание, 2024 година (проф. д-р Татјана Рушковска); Награда за авторство на труд објавен во најпрестижно списание, 2024 година (проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова); Награда за најдобар научник на Универзитетот „Гоце Делчев" за 2024 година (двајца добитници) - проф. д-р Татјана Рушковска и проф. д-р Рубин Гулабоски од областа на природните науки.

Добитници на признанија се: проф. д-р Татјана Рушковска, ас. м-р Павлинка Кокошкарова, проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова, проф. д-р Дарко Лазаров, проф. д-р Зденка Стојановска, проф. д-р Димитар Наков, проф. д-р Доне Стојанов, доц. д-р Сара Сребренкоска, проф. д-р Рубин Гулабоски, проф. д-р Даниела Тодевска, доц. д-р Јасмина Вета Буралиева, проф. д-р Владо Гичев, проф. д-р Петар Намичев, проф. д-р Билјана Петревска, проф. д-р Ванчо Аџиски, насл. доц. Маја Чочевска, проф. д-р Викторија Максимова, проф. д-р Сања Костадиновиќ, проф. д-р Доне Стојанов, проф. д-р Василија Шарац, проф. д-р Елена Карамазова-Гелова, студент Надица Драскачева, доц. д-р Рада Грубовиќ-Растворцева, проф. д-р Мартин Лукаревски, проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, проф. д-р Биљана Ивановска, проф. д-р Билјана Балабанова, насл. вонр. проф. Катерина Кубелка-Сабит, ас. д-р Верица Тонева-Стојменова, ас. д-р Сандра Атанасова, ас. д-р Соња Роголева-Ѓуровска ас. д-р Екатерина Намичева-Тодоровска.

Професори од Универзитетот организирале и биле дел од 47 изложби за анализираниот период.

За истиот период академискиот кадар на Универзитетот имал 50-тина настапи.

# 5. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Издавачката дејност денес се наоѓа во период на трансформација. Таа мора да изнајде баланс помеѓу квалитетот и достапноста, традицијата и дигиталните иновации и помеѓу научниот интегритет и економската одржливост. Само преку справување со овие предизвици ќе може да ја задржи својата улога како чувар и промотор на научното знаење.

Издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип не е имуна на предизвиците на новото време, а нејзината реализација е планска активност која се реализира според Годишен план и програма за секоја календарска година. Планот и програмата се верификувани со Одлука од Ректорска управа и Универзитетски сенат на Универзитетот во декември во тековната година, а неговата реализација започнува во јануари секоја календарска година. За реализација на Годишниот план и програма за издавачка дејност и за организирање и унапредување на издавачката дејност одговорна е Комисијата за издавачка дејност. Таа се формира на предлог на Ректорска управа, а верификацијата ја прави Универзитетскиот сенат.

Комисијата за издавачка дејност ги следи актуелните предизвици во издавачката дејност на глобално ниво. Со своите активности таа е одговорна за спроведување на Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Со Правилникот се утврдуваат единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, согласно со Законот за високото образование, Законот за издавачката дејност, Законот за авторското право и сродните права, Закон за електронски комуникации и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Табела 1.1. Преглед на Годишните планови за Издавачка дејност на УГД и преглед на реализација на плановите за 2024 и 2025 година

| | 2024 | 2025* |
|---|---|---|
| Годишен план за ИД, средства во МКД | 2.500.000 | 2.500.000 |
| Исплатен авторски хонорар МКД | 1.571.218 | 386.380 |
| Исплатен рецензентски хонорар МКД | 97.530 | 38.580 |
| Вкупно пријавени изданија | 236 | 208 |
| Пријавени / реализирани учебници | 134/38 | 107/5 |
| Процент на реализирани учебници | 28,35% | 4,67% |

*Реализацијата на Годишниот план за ИД за 2025 година е во тек, податокот е до 16.9.2025 година

Од 2012 година Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип постојано ја одржува и ажурира платформата е-библиотека, како студентски сервис за брзо, точно, мултимедијално и бесплатно користење на учебници и учебни помагала. Содржината на е-библиотеката на УГД во континуитет се обогатува со наслови од електронски учебници и учебни помагала (скрипти, практикуми, речници, збирки задачи, монографии, научни книги и други форми на достапна литература). Во април 2023 година електронската библиотека достигна 1000 наслови, бесплатно достапни за студентите од сите единици на УГД, а во моментот на подготовка на извештајот оваа платформа располага со 1103

наслови библиотечен фонд, со 475.856 прегледи и 586.295 пати преземени наслови (прочитано на 27.9.2025 г.).

https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php

Изданијата кои електронски се објавуваат во е-библиотеката на УГД, како и сите научни и стручни трудови објавени во системот на е-журнали на УГД, од јуни 2020 година се идентификуваат и со DOI (Digital Object Identifier System), а нашиот Универзитет го има следниот DOI префикс - DOI Prefix: 10.46763.

Со Одлука бр. 0201-1064/18 од 31.10.2023 година, усвоена на 216. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 31.10.2023 година, потврден е составот на постојаните комисии на Ректорска управа, а за Комисија за издавачка дејност (постојана комисија) потврден е следниов состав:

1. Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева – претседател,
2. Проф. д-р Марија Амповска – член,
3. Проф. д-р Нина Даскаловска – член,
4. Д-р Сања Гацов - административен службеник.

За периодот од 1.10.2024 до 1.10.2025 г., Комисијата за издавачка дејност има реализирано 9 (девет) редовни седници од 128. седница, одржана на 17.10.2024 г., до 136. седница, одржана на 16.9.2025 година. Предметите разгледувани на седниците на Комисијата за издавачка дејност се во согласност со тековниот Годишен план и програма за издавачка дејност на УГД, како и со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, а предлог-мислењата од Комисијата се потврдуваат со одлуки од Ректорска управа и Универзитетски сенат.

Табела 1.2. Преглед на реализирани учебници, учебни помагала, монографии и списанија на седници одржани на Комисијата за издавачка дејност за академската 2024/2025 година

| Седница бр. | Датум на одржување | Реализирани учебници | Реализирани учебни помагала | Списанија, монографии | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 128 | 17.10.2024 | 1 | 3 | 0 | **4** |
| 129 | 15.11.2024 | 4 | 3 | 0 | **7** |
| 130 | 18.12.2024 | 3 | 3 | 1 | **7** |
| 131 | 30.01.2025 | 3 | 0 | 1 | **4** |
| 132 | 28.02.2025 | 1 | 2 | 1 | **4** |
| 133 | 27.03.2025 | 0 | 1 | 1 | **2** |
| 134 | 22.05.2025 | 0 | 1 | 1 | **2** |
| 135 | 10.07.2025 | 1 | 3 | 0 | **4** |
| 136 | 16.09.2025 | 0 | 4 | 0 | **4** |
| | Вкупно | **13** | **20** | **5** | **38** |

За извештајниот период во Одделението за издавачка дејност и култура се реализирани со лекторирање, техничко уредување, проследување за печат и дистрибуција 22 броеви на *Универзитетски билтен* и 3 броја на *Универзитетски гласник*, со динамика прикажана како во табелата подолу.

Табела 1.3. Преглед на реализирани периодични изданија универзитетски изданија *Универзитетски билтен* и *Универзитетски гласник*

| Универзитетски билтен<br>број / датум на издавање | Универзитетски гласник<br>број / датум на издавање |
|---|---|
| 352 / 01.10.2024 | / |
| 353 / 15.10.2024 | 62 / 10.10.2024 |
| 354 / 01.11.2024 | / |
| 355 / 15.11.2024 | / |
| 356 / 02.12.2024 | / |
| 357 / 16.12.2024 | / |
| 358 / 02.01.2025 | / |
| 359 / 03.02.2025 | / |
| 360 / 17.02.2025 | / |
| 361 / 03.03.2025 | / |
| 362 / 17.03.2025 | 63 / 10.03.2025 |
| 363 / 01.04.2025 | / |
| 364 / 15.04.2025 | / |
| 365 / 02.05.2025 | / |
| 366 / 15.05.2025 | / |
| 367 / 02.06.2025 | |
| 368 / 16.06.2025 | 64 / 20.06. 2025 |
| 369 / 01.07.2025 | / |
| 370 / 15.07.2025 | / |
| 371 / 15.08.2025 | / |
| 372 / 01.09.2025 | / |
| 373 / 15.09.2025 | / |
| Вкупно **22** реализирани броеви на Универзитетски билтен | Вкупно **3** реализирани броеви на Универзитетски гласник |

Во академската 2024/2025 г., за извештајниот период, Комисијата за издавачка дејност ги усогласи и ажурира следниве интерни акти за издавачката дејност на УГД:

**- Приспособување на употребата на Етика за публикување и изјава за злоупотреба, PUBLICATION ETHICS AND MALPRACTICE STATEMENT (PEMS),** согласно со потребите на научните списанијата и годишните зборниците на УГД, донесена со Одлука бр. 0201-306/4 од 20.5.2020 година на 173. седница на Универзитетски сенат на УГД, одржана на 20.5.2020 година, Предлог-мислење од 128. седница на Комисијата, одржана на 17.10.2024 г., потврдено со Одлука од Универзитетски сенат бр. 0201-798/4 од 30.10.2024 г., донесена на 232. седница на Универзитетски сенат на 30.10.2024 г.;

**- Усвојување на Годишен план и програма за издавачка дејност за 2025 година на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип**, Предлог-мислење од 130. седница на Комисијата, одржана на 18.12.2024 г., потврдено со Одлука од Универзитетски сенат бр. 0201-943/3 од 27.12.2024 г., донесена на 234. седница на Универзитетски сенат на 26.12.2024 г.;

- **Зачленување на 13 уредници од Универзитет „Гоце Делчев” - Штип во Европската асоцијација на научни уредници The European Association of Science Editors (EASE)** и за одобрување на средства за членство за 2025 година, во висина од 650 фунти, предлог-мислење од 131. седница на Комисијата, одржана на 30.1.2025 г., потврдено со Одлука од Универзитетски сенат бр. 0201-195/2 од 25.2.2025 г., донесена на 237. седница на Универзитетски сенат на 25.2.2025 г.

Годишниот план за издавачка дејност на УГД опфаќа и информации за издавање на научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и издавање научни и стручни списанија.

Платформата на Е-журнали УГД ги содржи сите периодични изданија на Универзитетот, како меѓународни списанија, годишни зборници и зборници од научни конференции и настани, која платформа е со отворен пристап и јавно достапна на линкот https://js.ugd.edu.mk/

Платформата е креирана со отворен пристап (Open Journal System, OJS/PKP), ги содржи периодичните изданија и за периодични списанија, но и за зборници од научни конференции и настани. По предлог на Комисијата за издавачка дејност е усвоен документот **Разделување на платформата УГД журнали на УГД научни списанија и УГД научни собири,** предлог-мислење од 127. седница на Комисијата, одржана на 11.9.2024 г., потврдено со Одлука од Универзитетски сенат бр. 0201-713/2 од 25.9.2024 г., донесена на 230. седница на Универзитетски сенат на 24.9.2024 г. Разделување на оваа платформа на две нивоа:

- УГД научни списанија и
- УГД научни собири

е важно за понатамошниот развој на издавачката дејност на УГД, од причина што овие периодични изданија се различни во однос на меѓународните стандарди за ISBN и ISSN број и имаат различен третман. Во извештајниот период разделувањето на платформата е реализирана со посебни линкови за:

- УГД научни списанија https://js.ugd.edu.mk/journals.php
- УГД научни собири https://js.ugd.edu.mk/conferences.php

Табеларен преглед на периодични списанија на УГД достапни на Е-журнали УГД, опфатени во годишните планови за издавачка дејност на УГД, е даден во табелата што следи.

Табела 1.4. Периодични списанија на УГД достапни на Е-журнали УГД

| **Име на списанието** | **Вид на списанието/ единица на УГД** | **Индексирање на списанието** | **Година на издавање (од – до)** |
|---|---|---|---|
| Geologica Macedonica | Меѓународно списание / ФПТН | Index Copernicus, EBSCO, SCOPUS Q4 | 1984 - 2025 |
| PALIMPSEST | Меѓународно списание / ФФ | Index Copernicus, CEEOL, SCOPUS Q4 | 2016 - 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Balkan Social Science Review (BSSR) | Меѓународно списание / ПФ | CEEOL, HeinOnline, IC EBSCO, SCOPUS Q3 | 2013 - 2025 |
| Journal of Agriculture and Plant Sciences (JAPS) | Меѓународно списание / ЗФ | EBSCO, Index Copernicus, DOAJ | 1999 - 2025 |
| Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI) | Меѓународно списание / ФИ | EBSCO | 2018 - 2025 |
| Journal of Economics | Меѓународно списание / ЕФ | EBSCO | 2016 - 2025 |
| Natural Resources and Technology | Меѓународно списание / ФПТН | EBSCO | 2011 - 2025 |
| Vospitanie, Journal of Educational Sciences, Theory and Practice | Меѓународно списание / ФОН | CEEOL | 2001 - 2025 |
| International Journal of Economics, Management and Tourism | Меѓународно списание /ФТБЛ | / | 2011 - 2025 |
| Student's Social Science Journal | Годишен зборник / ПФ | / | 2016 - 2025 |
| Yearbook - Faculty of Educational Sciences | Годишен зборник / ФОН | / | 2007/2008- 2004 |
| Yearbook - Faculty of Philology | Годишен зборник / ФФ | / | 2010 - 2024 |
| Yearbook - Faculty of Law | Годишен зборник / ПФ | / | 2009 - 2024 |
| Yearbook - Faculty of Economics | Годишен зборник / ЕФ | / | 2009 - 2024 |
| Review of the Institute of History and Archaeology | Годишен зборник / ФОН | / | 2010 - 2024 |
| Yearbook - Faculty of Computer Science | Годишен зборник / ФИ | / | 2012 – 2016/2017 |
| Yearbook - Faculty of Tourism and Business Logistics | Годишен зборник / ФТБЛ | / | 2021 - 2024 |
| Yearbook - Faculty of Music Art | Годишен зборник / МА | / | 2010 - 2018 |

Табеларен преглед на периодичните списанија, кои произлегуваат од научни собири организирани од единиците на нашиот Универзитет, достапни на Е-журнали УГД, е даден во табелата што следи.

Табела 1.4. Периодични списанија на УГД од научни собири достапни на Е-журнали УГД

| **Име на научниот собир** | **Вид на списанието / единица на УГД** | **Година на одржување на собирот (од - до)** |
|---|---|---|
| Меѓународна научна конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов“ | Зборник на трудови / Филолошки факултет | 2023, мај 25-26 |
| Научно-стручна конференција, ETIMA, Electrical engineering, Technology, Informatics, Machinery and Automation technical science | Зборник на трудови, Conference proceeding / Електротехнички факултет | 2021 и 2023 |
| International Scientific Conference "Social Change in the Global World" | Зборник на трудови, Proceeding / Правен факултет | 2018 до 2024 |
| Меѓународната научна конференција ФИЛКО - Филологија, култура и образование. | Зборник на трудови / Филолошки факултет | 2016 до 2022 |
| Меѓународна научна и практична конференција - Управување со развојот на економските регионални системи | Зборник на трудови / Економски факултет | 2016 |
| International Scientific Conference "Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century" | Зборник на трудови, Proceeding / Факултет за туризам и бизнис логистика | 2015, 2016, 2017<br>и 2020 до 2015 |
| Book of abstracts "International Symposium at Faculty of Medical Science" | Книга на апстракти / Факултет за медицински науки | 2015 |

Финансирањето на издавачката дејност на Универзитетот е од сопствени средства.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 6.1. Учество во програми, мрежи и сл. за мобилност на студентите и наставничкиот кадар

Еразмус + програмата е темел на поврзувањето на работа меѓу Универзитет „Гоце Делчев" и странските универзитети. Досегашното искуство говори дека истата се имплементира успешно и многумина студенти од УГД успеаја да го прошират својот видик низ призмата на Еразмус+. Студентите и вработените при УГД имаат можност да бидат дел од ова искуство преку програмата за студентска мобилност и мобилност на вработени.

За анализираниот период, 19 студенти на УГД реализирале размена за студии, 33 студенти на УГД реализирале размена за практика (од кои 6 студенти од трет циклус на студии за краток престој, а останатите 27 студенти извршиле мобилност за долг престој, во времетраење од најмалку два, а најмногу три месеци). Студентите од Факултетот за медицински науки се најбројни меѓу студентите кои реализираат мобилности.

Најчесто мобилноста на студентите е во: Хрватска, Полска, Романија, Италија и Турција.

Во истиот период 43 странски студенти биле дел од наставата на Универзитетот и тоа најчесто на Факултет за медицински науки, Факултет за образовни науки, Правен факултет и Факултет за информатика.

Студентите што имале мобилност на УГД најчесто доаѓаат од: Италија, Полска, Турција и Шпанија.

Мобилноста на академскиот кадар е изразена со 8 професори кои поминале мобилност на еден европски универзитет, каде што одржале настава на тамошните студенти, а 5 вработени заминале на мобилност за обука.

Вкупно 46 професори од европски универзитети, пак, го одбрале Универзитет „Гоце Делчев" – Штип за нивна дестинација за мобилност.

Во изминатиот период најмногу внимание се посвети на склучување на електронски договори на платформата EWP-Dashboard. Се креираа 396 договори за соработка со европски универзитети со кои во иднина ќе може да се реализираат Еразмус+ размени на студенти, како и наставнички и административен кадар, од кои дел се обновување на старите, а дел нови договори.

Во рамките на повикот за „Еразмус+ buddy" се пријавија 69 кандидати кои изразија интерес да стапат во контакт и да бидат од помош на студентите кои доаѓаат на размена од други универзитети.

Во рамките на Европската универзитетска алијанса ACE2EU, вкупни мобилности кои се остварија во текот на изминатиот период се 33 вработени и 2 студенти.

### 6.2. Учество во меѓународни проекти

Универзитетот како динамична институција е дел од голем број меѓународни проекти. Дел од нив се прикажани во делот за научноистражувачка работа од овој извештај. Донаторските проекти се, исто така, прикажани во делот за научноистражувачка работа:

| | | |
|---|---|---|
| 101087233- CARBONICA | 01.01.2023<br>31.12.2026 | BEN |
| Robotics and Inclusion of Students with Disabilities in Special Education<br>2023-1-FR01-KA220-SCH-000164957 | 01.01.2023<br>31.08.2025 | BEN |
| 785-CS" Strengthening quality news and independent journalism in the Western Balkans and Turkey II | 01.01.2023-<br>30.01.2026 | BEN |
| KA220-2-EE01-KA220-SCH-000094917<br>Digital teacher's classrooms without borders created with digital technologies | 05.01.2023<br>04.01.2025 | BEN |
| Scaling up actions to tackle air pollution UNDP 00129099 | 10.02.2023<br>31.12.2025 | COO |
| Be in a business eco-system as an integrated system IPA-CBC-CN2-S01.1-SC043 G2-MK | 01.01.2022<br>31.12.2023 | BEN |
| Robo Steam –Inclusive Technologies 2022-1-BG01-KA220-VET-000089434 | 01.10.2022<br>30.09.2025 | BEN |
| 101049997 FIT-BALKANS | 01.08.2022<br>31.07.2025 | BEN |

### 6.3. Членства и активности во меѓународни универзитетски и други мрежи, ректорски форуми

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип основа, заедно со уште 8 универзитети од Европа, нова универзитетска алијанса наречена ACE2-EU (Applied, Connected, Entrepreneurial and Engaged – European University), односно Алијансата на применети, поврзани, претприемачки и вклучени европски универзитети. Во Алијансата учествува како рамноправна членка и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, заедно со други 8 универзитети од Европската Унија. Во Алијансата учествуваат: Политехничкиот универзитет во Сантарем, Португалија; Каринтскиот универзитет за применети науки во Австрија; Универзитетот „Константин Бранкуш“ во Тргу Жиу, Романија; Технолошкиот универзитет во Каунас, Литванија; Универзитетот „Франциско де Виторија“ во Шпанија, Медицинскиот универзитет во Гданск, Полска, Летонската академија на културата во Летонија; Техничкиот универзитет „Хошуле Инглоштад“ во Германија и, се разбира, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Целите на Алијансата се насочени кон воспоставување на транснационална соработка помеѓу универзитетите, со цел да оствари вмрежување помеѓу истите и да се креираат и да се развијат заеднички

применети програми и можности за учење, да се спроведат и создадат заеднички применети истражувања, иновации и поддршка за претприемништвото, да се развијат заеднички активности и услуги кои ќе бидат насочени кон подобрување на општеството и кон подигање на свеста за мултикултурализмот и, се разбира, кон ширење на европските вредности и зајакнување на мобилноста на студентите, и на административниот и на академскиот кадар.

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е дел од Европската универзитетска асоцијација – European Universities Association, која вклучува повеќе од 850 универзитети и национални ректорски конференции во 49 европски земји. Во рамките на мрежата, УГД го поддржува Болоњскиот процес и придонесува за подобрување и развој на високото образование, наука и иновација.

Универзитетот „Гоце Делчев“ е, исто така, потписник на Magna Charta Universitatum и истовремено член на истоимената Опсерваторија – Observatory Magna Charta Universitatum. Оваа асоцијација вклучува повеќе од 960 универзитети кои потекнуваат од 94 земји. Целите на асоцијацијата се да се обезбеди интегритет, почитување и примена на основните принципи и вредности зацртани во Повелбата Magna Charta Universitatum.

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е дел од меѓународната асоцијација на универзитети од Јадранско-Јонскиот Регион наречена „УНИАДРИОН“ – UNIADRION. Асоцијацијата „УНИАДРИОН“ ги вклучува земјите од Јадранско-Јонскиот Регион и тоа: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Грција, Италија, Црна Гора, Северна Македонија, Сан Марино, Србија и Словенија. Нејзината главна цел е соработка помеѓу универзитети и истражувачки центри со цел да се зацврсти меѓународната соработка и да се негува прогресот на културата, науката, обуките и истражувањето во овие земји. Таа, исто така, делува во насока на европската интеграција и проширувањето на Европската Унија, со цел да ги унапреди безбедносните стандарди и почитувањето на правото, да промовира еднакви можности за мажи и жени и да ја шири културата на мирот.

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е членка на Асоцијацијата на Ректорскиот форум на Југоисточна Европа и Западен Балкан - Rector’s Forum of Southeast Europe and Western Balkans. Ректорскиот форум е асоцијација која е основана во 2018 година и вклучува повеќе од 35 универзитети-членки од регионот. Оваа асоцијација е посветена на засилување на соработката помеѓу универзитетите во делот на високото образование, науката и истражувањето, мобилности и, пред сè, е насочена кон поддршка на Берлинскиот процес и процесите на европска интеграција на земјите од регионот во делот на високото образование.

Освен на универзитетско ниво, Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ е член на Европската асоцијација на правни факултети - European Law Faculties Association (ELFA). Европската асоцијација на правни факултети вклучува повеќе од 150 правни факултети од Европа и од светот. Асоцијацијата претставува меѓународен форум во којшто се дискутираат теми поврзани со правна едукација и една од главните цели е да ги промовира стандардите за правна едукација преку соработка со владините агенции и други образовни институции во Европа и на меѓународно ниво.

Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е дел од уште една меѓународна мрежа Innovative Translational Network во рамките на проектот „REINSER - Transnational network for the economic integration of refugees, asylum seekers and persons with subsidiary protection through social entrepreneurship“, каде што членуваат универзитети од Словенија, Италија, Грција, Босна и Херцеговина и Хрватска, во рамките на Јадранскиот Регион. Мрежата се стреми да го охрабри учеството на бегалците и барателите на азил во социјалното претприемништво, со цел побрзо вклучување во пазарот на трудот.

Во контекст на регионалните асоцијации и мрежи, Правниот факултет при УГД има склучено Меморандум за соработка со Регионалната канцеларија за соработка за млади

(Regional Youth Cooperation Office), кој претставува независен институционален механизам основан од страна на балканските земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Целите на оваа канцеларија се промоција на соработката и градењето на мирот преку поддршка на процесите на едукација и преку поддршка и поттик на активно учество на младите во нив.

Универзитетот преку CEEPUS програмата стана дел од следниве меѓународни мрежи:

- BG-1103-09-2425 - Modelling, Simulation and Computer-aided Design in Engineering and Management
- BG-1801-01-2425 (Umbrella) - "Western Balkans on Crossroads of United Europe"
- HU-0028-18-2425 - Active Methods in Teaching and Learning Mathematics, Informatics and their Applications
- PL-1509-05-2425 (Umbrella) - Internet of Things and Teleinformatics - ITT network
- RO-0010-19-2425 - Teaching and Learning Bioanalysis
- RO-0202-18-2425 - Implementation and utilization of e-learning systems in the study area of research and production engineering in the Central European Region
- RS-0065-19-2425 - Intelligent Automation for Competitive Advantage
- RS-1813-02-2425 - Metrology, quality and environmental aspects in Industry 4.0
- RS-1815-02-2425 - Greening Project Management for a Sustainable World: Developing and Empowering a New Generation of Changemakers
- RS-1816-02-2425 - Reinforcement of research, professional, and education capacities for application in sample preparation of various origins before the corresponding analysis
- SK-1516-05-2425 - BioScience, Food and Health.

### 6.4. Високообразовна дејност на академискиот кадар на универзитети во странство, визитинг-наставници

За извештајниот период од академскиот кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се ангажирани:

- проф. д-р Александар Цветковски беше ангажиран на друг универзитет, на Факултетот за биотехнички науки – Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола;
- проф. д-р Катарина Смилков беше ангажирана на друг универзитет, на Факултетот за биотехнички науки – Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола;
- проф. д-р Махмут Челик беше ангажиран на друг универзитет, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- проф. д-р Данче Василева беше ангажирана на друг универзитет, на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово;
- проф. д-р Ленче Николовска беше ангажирана на друг универзитет, на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово;
- проф. д-р Тоше Крстев беше ангажиран на друг универзитет, на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово;
- проф. д-р Сања Ристески беше ангажирана на друг универзитет, на Факултетот за технички науки во Чачак при Универзитетот во Крагуевац, Р. Србија;
- проф. д-р Винета Сребренкоска беше ангажирана на друг универзитет, на Факултетот за технолошки науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ – Скопје;
- проф. д-р Ранко Младеноски беше ангажиран на друг универзитет, на Педагошки факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола;

- проф. д-р Елена Максимова беше ангажирана на друг универзитет, на Правен факултет – Кичево при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола;
- проф. д-р Марија Амповска беше ангажирана на друг универзитет, на Правен факултет при Универзитетот во Источно Сараево, БиХ;
- Сабатна година на проф. д-р Билјана Попеска се одвива на Факултет за хуманистички, образовни и социолошки науки, Оддел за образование и социјална работа при Универзитетот во Луксембург.

Визитинг-професори од други универзитети кои се ангажирани:

- ангажирање на проф. д-р Васка Вандевска-Радуновиќ како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
- ангажирање на проф. д-р Драган Красиќ како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
- ангажирање на проф. д-р Хориа Барбу како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
- ангажирање на доц. д-р Владимир Којовиќ како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
- ангажирање на д-р Жан-Франсуа Жестен како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
- ангажирање на две лица (модели) за потребите на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- ангажирање на проф. д-р Марио Старешиниќ како визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
- професорот Џузепе Каталди, редовен професор по меѓународно право на Универзитетот во Неапол „Ориентале“, со Одлука бр. 0201-293/6 од 18.3.2025 г., е избран за почесен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

## 7. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

Структурата на буџетот на Универзитетот е стабилна и најголемиот извор на финансирање на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во 2024 година е финансирањето од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Вториот по големина извор на средства се уплатите од студентите.

На крајот од 2024 година, Универзитетот има вкупна актива во износ од 2,7 милијарди денари. Во нејзината структура најголем дел се постојани средства (86,1%), а паричните средства и побарувања се застапени со 13,9%. Материјалните средства (2,1 милијарди денари) се доминантни во составот на постојаните средства.

Универзитетот има оптимално ниво на финансиска ликвидност. Со паричните средства и побарувањата во износ од 376,1 милиони денари, во целост можат да се надоместат тековните обврски, што претставува оптимално ниво.

Побарувањата во просек се плаќаат за веднаш, а обврските се наплаќаат за 5 месеци.

Вкупните приходи во 2024 година се зголемени за 23,1% во однос на претходната година и изнесуваат 1,2 милијарди денари и во поголем дел (75,7%) се состојат во трансфери и донации и помал дел (24,3%) е по основ на неоданочени приходи.

Вкупните расходи изнесуваат 925,7 милиони денари и во најголем дел (97%) се состојат од тековни расходи. Вкупните приходи, како и во претходната година, ги надминуваат вкупните расходи, така што субјектот во двете ценети години прикажува вишок на приходи во висина од 271,3 милиони денари (242,4 милиони денари во 2023).

Универзитетот има обезбедена финансиска стабилност и ликвидност и остварува вишок на приходи кои во целокупниот анализиран период се зголемуваат.[1]

| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи | 718.283.774 | 843.832.682 | 972.629.724 | 1.196.994.457 |
| Расходи | 535.260.170 | 623.409.518 | 730.188.029 | 925.682.549 |

За извештајниот период од 1 октомври 2024 година до 1 октомври 2025 година приходите и трошоците на сметката на прв циклус студии (788-18) е прикажана во следнава табела. Во истата табела се прикажани и вкупните вредности за сите сметки од сопствен приход за истиот извештаен период.

| Сметка на прв циклус студии (788-18) | |
|---|---|
| Приходи 2024 год. | 226.000.086 |
| Трошоци 2024 год. | 173.803.281 |
| Вкупни вредности за сите сметки од сопствени приходи | |
| Приходи 2024 год. | 531.606.974 |
| Трошоци 2024 год. | 325.619.847 |

[1] Извадок од Информација за економско-финансиска состојба, Република Северна Македонија, Државен Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Централен регистар на Република Северна Македонија, Сектор за водење регистри, регистар на годишни сметки, Регионална канцеларија Штип, број, 0905-24/70, 12.8.2025 г.

**Одделение за јавни набавки**

Планираните активности за работа од 1 октомври 2024 год. и заклучно со 1 октомври 2025 год. се реализирани согласно со Годишниот план за јавни набавки и измените на Годишниот план за јавни набавки во текот на 2025 година.

Постапките се спроведувани согласно со новиот Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 24/2019, 87/2021 и 14/2025) и правилници за примена на Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр.64/2019; 271/2019; 225/2019; 250/2019; 263/2019; 13/2020; 15/2020; 228/22).

Годишниот план за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2025 година е усвоен со Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2025 г., бр. 0201-943/6 од 27.12.2024 г.

Во текот на 2024/2025 година, односно за периодот од 1 октомври 2024 до 1 октомври 2025 година, извршени се измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година и на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година со следниве одлуки:

1. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година, бр. 0201-868/13 од 28.11.2024 година;
2. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година, бр. 0201-373/8 од 28.4.2025 година.

– **Краток преглед на спроведени постапки**

За спроведените постапки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го даваме следниов табеларен преглед по видови на постапки и по видови на договори спроведени со Закон за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2019, 87/2021 и 14/2025):

| Вид на постапка | Стоки | Услуги | Работи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Отворена постапка | 4 | / | / | 4 |
| Поедноставена отворена постапка | 15 | 17 | 1 | 33 |
| Набавка од мала вредност | 9 | 13 | / | 22 |
| Постапки со преговарање | / | / | / | / |
| ВКУПНО | 28 | 30 | 1 | 59 |

Во извештајниот период вкупно се реализирани и завршени 59 постапки, со склучени договори за истите.

Во табелата се вклучени 20 постапки од 2024 година кои се спроведени по Годишниот план за 2024 година и измените на Годишниот план за 2024 година.

Постапките кои ќе се објават до крајот на 2025 година ќе влезат во Извештајот за 2025/2026 година.

- **Активности за ресертификација**

Ресертификацијата, согласно со Законот за јавни набавки за добивање потврди (лиценци), вработените во Одделението за јавни набавки ја завршија успешно во 2023 година и истите потврди се со важност до 2026 година. Во текот на 2026 година повторно ќе се изврши ресертификацијата.

- **Активности на вработените во Одделението за јавни набавки**

Спроведувањето на јавните набавки се одвиваат целосно преку Електронскиот систем за јавни набавки. Тоа подразбира дека сите дејствија од планирање на набавките, објавување на огласи, поднесување на понуди, јавно отворање на понудите и евалуација, донесување на одлука за избор/поништување, како и известувањата за склучени и реализирани договори и целокупната комуникација со сите учесници во постапките се спроведува преку ЕСЈН во електронска форма.

Сите вработени од Одделението за јавни набавки континуирано ги следат и сите новини поврзани со начинот на спроведување на набавките преку ЕСЈН. Од април 2025 година се воведоа нови функционалности во ЕСЈН поврзани со објавување на огласи, подготовка на тендерски документации и поднесување на понуди и имаше потреба од дополнително посетување на обуки и едукација за работа во ЕСЈН.

Во текот на 2025 година вработените посетија две обуки за јавни набавки поврзани со горенаведените измени, чии предавачи беа лица вработени во Бирото за јавни набавки и Државна комисија за жалби по јавни набавки.

Како резултат на одговорното и посветено работењето во Одделението за јавни набавки и успешната соработка и разбирање со ректорот, проректорите и генералниот секретар на Универзитетот, во досегашните извештаи кои се објавени од страна на Бирото за јавни набавки за следење на ризиците во јавните набавки и потенцирање на можните коруптивни практики при спроведување на постапките, нашата институција не е во категориите на индикаторите (црвени знаменца) за ненавремено и несовесно спроведување на јавните набавки.

- **Ажурирање на документација за постапки (хартиена и електронска архива)**

Сите фасцикли се означени по години, број на огласи и рок на траење. По извршената самоевалуација за 2024/2025 година фасциклите ќе бидат сместени во метални ормани.

За постапките кои се спроведени во период од 2015 до 2022 година целокупната архивска граѓа се чува во метални ормани во Ректоратот на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Архивската граѓа за постапките спроведени во период 2008-2014 година е уништена согласно со согласноста добиена од Архив на РСМ.

За постапките за 2024 и 2025 година комплетната електронска архива се генерира во Електронскиот систем за јавни набавки и истата е со можност за пребарување за последните три години.

- **Семинари и стручни усовршувања**

Вработените во Одделот за јавни набавки континуирано посетуваат обуки, семинари и работилници од областа на јавните набавки.

Во 2025 година вработените во Одделот за јавни набавки имаа можност да посетат две обуки поврзани со новини во јавните набавки за 2025 година: најактуелни теми и предизвици и новини во Законот за јавните набавки, најчести дилеми и препораки за успешни постапки, како и да разменат искуства со договорни органи и економски оператори во врска со спроведувањето на постапките за јавни набавки.

- **Обуки на вработените и други видови на стручно усовршување**

Во Одделението за јавни набавки се вршат континуирани обуки на вработените во рамките на Одделението и тоа:

- Почитување на позитивните законски прописи, Кодексот на Универзитетот и Етичкиот кодекс за службениците задолжени за постапките за доделување на договори за јавни набавки;
- На секретарите/советниците за јавни набавки – за правилна примена на правните прописи од оваа област;
- На советниците/виши соработници за јавни набавки – за правилно формирање, водење и чување на досието за секоја јавна набавка во хартиена и во електронска архива.

- **Соработка со економските оператори**

Одделението за јавни набавки успешно соработува со економските оператори.

Пред сè, Одделението им стои на располагање на економските оператори во однос на одговарање на нивни прашања, упатување за начинот на изготвување на документацијата која е потребна да ја достават.

Оваа соработка се одвива во согласност со принципите на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување на вработените на Универзитетот и Етичкиот кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавни набавки.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

Информатичко-технолошкиот капацитет со кој располага УГД е логистичка поддршка на студентскиот живот заедно со студентскиот сервис. Логистичката поддршка за студентите главно се изведува преку Секторот за ИКТ и Секторот за е-индекс, како и Одделението за е-учење.

Секторот за информатичко-компјутерски технологии на Универзитетот е опремен со современа информатичка и телекомуникациска опрема која овозможува континуиран проток на информации и поврзување на сите единици на Универзитетот во компактно и мултифункционално информатичко јадро.

Центарот е поделен на две одделенија:

- Одделение за системска и мрежна администрација,
- Одделение за средства и техничка поддршка.

Главни точки во работата на Центарот за анализираниот период се:

- СИКТ во изминатиот период располагаше со одреден буџет за обнова на дел од корисничката и системската ИТ инфраструктура и буџет за сервис и одржување на веќе постојната стара инфраструктура и обнова на лиценци.

Планираните буџетските средства и поголем дел на сопствени средства во вредност од 7.080.000 денари (со ДДВ) беа искористени за набавка на ИТ опрема, и тоа:

- систем за чување на податоци (block storage) со FC картички за поврзување;
- телевизори;
- монитори;
- уред за непрекинато напојување;
- А2 мастилен печатач;

- А3 колор мултифункциски уред;
- меморија за надградба на канцелариски компјутери и кратки patch кабли.

Останатиот ангажманот во делот за јавни набавки се спроведуваше врз база на буџетскиот план и потребите на Универзитетот. Според планот и потребите се спроведоа следниве јавни постапки:

- Одржување на оптички инсталации во рок од една година за санација на прекини на оптичките патеки во сопственост на УДГ кои се предизвикани од правни и физички лица;
- Мајкрософт кампус лиценци и ажур резервирани инстанци за тековната 2024/2025 година со рамковен договор во времетраење од 1 година. Количините на лиценците се приспособуваат според промените на политиката за лиценцирање и според потребите на Универзитетот;
- Осигурување на ИТ-опрема во дата-центар;
- Сервис и одржување на ИТ-инфраструктурна опрема;
- Сервис и одржување на печатачи и друга ИТ-опрема.

Процесот на одржување на останата опрема и инфраструктура се одвиваше константно со употреба на стандардни рутински процедури.

Ангажманот во делот на електронските сервиси на СИКТ продолжи со константен интензитет во делот на следењето и одржувањето на виртуелната околина, креирањето на тимови (предмети) и групи за настава, одржување на страна и сервис за собирање и приказ на наставни активности на далечина за професорите, одржување на сигурноста при најавата на вработените и студентите преку мултифактор автентикација.

СИКТ беше вклучен и во процесот на планирање и специфицирање на миграција на тековниот студентски сервис е-индекс. Неговата застареност, отежнато одржување и слаба сигурност создаваат потреба за развој на ново решение со понови технологии кои ќе бидат во тренд со современите побарувања.

Соработката со Институтот за јазици од Филолошки факултет е продолжена на ниво на креирање и одржување на кориснички профили, групи и тимови за настава за странски лица кои одат на курсеви по јазик и имаат намера да студираат на УГД.

### 8.1. Опис на состојба со информатички базирани услуги

Секторот за е-индекс функционира со етаблирање на Универзитетот, од академската 2009/2010 г. платформата е-индекс е во функција на студентите и на наставничкиот кадар и е во постојано надградување. Платформата електронски индекс е целосно имплементирана и функционална за сите студенти на прв циклус, а со нејзина имплементација за студентите на втор циклус и на трет циклус се започна од академската 2020/2021 г. и денес е функционална во голем процент.

Одделението за е-учење од неговото формирање (септември 2009 г.) до денес работи успешно, применувајќи ги новите технологии и ресурси во начинот на работа и во процесот на образование. Одделението овозможува континуирано учење, како и применување на ИТ-алатки во секојдневните процеси на едукација и за наставниците и за студентите.

Во извештајниот период беа направени определени активности за подобрување на корисничкото искуство и за студентите и за вработените на Универзитетот:

- Тековно опслужување на сите категории на крајни корисници преку:
    - Службената електронска адреса на Секторот за електронски индекс eindex@ugd.edu.mk и поединечните електронски адреси на вработените во секторот;

- Телефонските броеви (на секторот и поединечните);
- Прием на странки во работните простории на Секторот за електронски индекс во Штип (зграда на Факултет за образовни науки) и Скопје (Наставен центар – Скопје);
- Наменските електронски адреси кои се користат за време на уписи (zapisuvanje@ugd.edu.mk, prigovori@ugd.edu.mk).

Категории на крајни корисници кои се опслужуваат тековно (соодветно и во наведениот период за овој извештај) од Секторот за е-индекс се:

- Наставнички кадар на Универзитетот (професори и асистенти/соработници);
- Административен и друг кадар на Универзитетот (ректор, проректори, генерален секретар, секретари, технички секретари, декани, продекани, одделение за благајничко и финансиско работење);
- Студенти од прв, втор и трет циклус студии:
  - Нови кандидати за упис (процес на пријавување и запишување);
    - Прв циклус – во целост;
    - Втор циклус – креирање на привремени ресурси и овозможување на плаќање на трошоци за пријавување и упис, како и упис на прв семестар преку е-индекс;
    - Трет циклус – креирање на конечни ресурси за кандидати кои се запишале со плаќање на трошоци преку институции за платен промет и приложиле физичка документација за запишување;
- Целосно спроведување на е-уписи за студенти на прв циклус студии по сите основи (домашни студенти на конкурс, домашни студенти со префрлување, странски државјани на конкурс, странски државјани со префрлување, странски државјани кои се пријавуваат на курс по македонски или англиски јазик);
- Тековно учество, соработка и комуникација со мноштво инстанци на Универзитетот и надвор од него, а во врска со работењето на електронскиот индекс во поширока административна смисла;
- Тековно администрирање и параметрирање на електронскиот индекс / регуларни годишни активности (наведени некои од нив):
  - Имплементирање на календари (учество во изработка на годишен календар на активности);
  - Внесување на студиски програми со сите зависности;
  - Системско групно администрирање на статуси на студенти (рок на студирање, ненавремено запишани соодветни семестри по парност, апсолвенти, пријава на јавна одбрана и др.);
  - Системско групно администрирање на предмети без 42 поени;
  - Дневни / неделни / месечни проверки на системски записи;
  - Редовни проверки на серверски ресурси и други.
- Имплементација и внесување на нова Фраскатиева класификација (согласно со последно валидниот акт за нејзино утврдување) во е-индекс; имплементација на функционалност за системско администрирање на менторства на професори и лимити согласно со постојните акти:
  - Кој може да биде ментор;
  - Проширување на можноста за избор на ментор при пријавување на тема за

изработка на магистерски труд од страна на студентот;

- Имплементација на функционалност за поставување на податок за интерен и екстерен ментор на ниво на досие на студент од трет циклус студии;
- Автоматизирано известување (преку службена е-пошта) на соодветните инстанци при системски активности кои се однесуваат кон / од менторот за сите три циклуси на студии;
- Имплементација на функционалност за оценување на активностите кои се во надлежност на менторот во согласност со студиската програма, на ниво на портал за наставнички и соработнички кадар, кај студенти од трет циклус студии;
- Имплементација на функционалност за ограничување на бројот на менторства за наставничкиот кадар кај студентите од сите три циклуси на студии;
- Имплементација на функционалност за генерирање на Прилог 3 (елаборати за акредитации) преку е-индекс:
- Проширена интерна апликација за корекција на неконзистентности во смисла на синхронизација на податоци во правец Студиска програма à студенти/предмети (2/3 циклус на студии);
- Корекција на проблем при креирање на Барање со одобрување преку CRM;
- Проширување на опциите за промена на статус Активен - Докториран;
- Корекција на функционалност за упис на семестар и предмети со фонд на часови 0+0, како и кај предмети со флег Реализиран = Да, во смисла на неаплицирање на кредити при упис на семестарот;
- Имплементација на функционалност со која сите извештаи ги читаат податоците од регистрите од исто место (соодветно на потребата и полињата);
- Имплементација на извештаи на англиски јазик (диплома, додаток на диплома, уверение за испити, за сите циклуси на студии);
- Измена во модул за пријавување и упис на студенти на прв циклус студии, во смисла на соодветност на опциите кои одговараат на различните типови на матура кај кандидатите (покриени сите опции);
- Измена во форма за неоценети пријави – решавање на ситуации за подобрување на корисничкото искуство и одредени технички недостатоци;
- Промена Продекан - Овластено лице;
- Решавање на техничка ситуација при плаќање на сумата од 390 денари преку е-барање.

## 9. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот постои Центар за кариера и алумни клуб кој им обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења што ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавците во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавците преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за практика и работни места.

Во текот на анализираниот период се вршеше администрација на студентската практика преку е-индекс/издавање на упатница, нејзина верификација и насочување на студентите кон вршење на практичната настава.

**Активности на Центарот за кариера**

- Организирање и реализирање на настан „Кариерен ден на УГД“ со учество на над 50 компании во формат изложување на штанд: презентирање на компаниите и на нивните отворените работни позиции, како и директна интеракција на претставниците на компаниите со присутните студенти. Настанот го посетија повеќе од 1000 студенти на УГД, како и дополнителни заинтересирани лица.
- Ажурирање на база – АЛУМНИ. Алумни базата се ажурира тековно со вклучување на новите дипломирани студенти од сите единици на УГД од прв, втор и трет циклус студии на Универзитетот. Содржините за активностите на Центарот за кариера и развој или други информации од интерес и корист на дипломираните студенти се споделуваат во рамки на алумни базата до сите членови. Во овој период алумни базата има над 15.000 активни членови.
- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за кариера и развој продолжува активно да ја нуди услугата бесплатни огласи за вработување. Преку каналите на комуникација со кои располага УГД се упатува повик до релевантните институции, организации од приватниот и јавниот сектор да ги испраќаат нивните огласи за вработување или реализирање на практики наменети за дипломирани или актуелни студенти на прв, втор и трет циклус студии.
- Аналогно на алумни базата, продолжува да функционира и базата на институции од јавен и приватен сектор со кои соработува Универзитетот, која овозможува напредна, брза и ефикасна комуникација и споделување информации од интерес меѓу Универзитетот и овие институции, со цел посредување во активностите на поврзување на студентите со нив. Во овој период во базата на институции има околу 2000 членства.
- „Стипендии за најдобрите“ – е активност на Центарот за кариера преку која, во соработка со компании од приватниот сектор кои покажуваат општествена одговорност, им се доделуваат стипендии на најдобрите студенти од различни факултети на УГД, во зависност од примарната дејност на компаниите. Во оваа активност тековно се вклучени компаниите: „Бучим“, „Боров дол“, „Taskforce“ и „Superior Dispatch Service“, а стипендиите се однесуваат на студенти од: Факултет за природни и технички науки, Економски факултет, Медицински факултет и Филолошки факултет. Во овој период беа реализирани повеќе презентации на оваа можност до важни општествено одговорни компании кои пројавуваат интерес за поддршка на оваа активност. Во тек се потврдувања на нови поддржувачи за стипендирање на студенти од различни факултети во рамките на УГД. Договорите за стипендирање се склучуваат двострано - помеѓу компаниите кои ја обезбедуваат

стипендијата и студентот корисник. Центарот за кариера во рамките на УГД посредува во процесот на договарање, утврдување на условите за доделување на стипендијата и селекцијата на соодветните студенти корисници.

- „Студентите учат од бизнисот“ е континуирана активност на Центарот за кариера која се реализира во форма на мастер класови (online и onsite), како и посети на компании. Мастер класовите се наменети за студенти од повеќе факултети на УГД.
- Презентации на отворени работни позиции на повеќе компании директно пред студентите на соодветните факултети, со непосредна комуникација на претставници на компаниите и студентите, со цел поддршка на процесот на вработување на студентите.
- Когнитивни и психолошки тестови за студентите во соработка со HR Potential - вкупно беа испратени 1035 индивидуализирани пораки, на кои 546 студенти пројавија интерес и го комплетираа оценувањето. Преку оваа иницијатива, студентите добија можност да осознаат свои внатрешни капацитети, да ги идентификуваат областите во кои блескаат, како и оние во кои можат да се надградуваат. Психометриските извештаи кои ги добија студентите се основа за кариерно насочување и информирано одлучување при избор на професија или компанија во која ќе се развиваат.

## 10. СОРАБОТКА СО СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ СЕКТОР

Надворешната соработка со институции надвор од високообразовната установа е клучна за реализирање на наставно-образовниот процес. Секоја единица при Универзитетот негува соработка со клучни компании од соодветната област. Дел од факултетите вклучуваат учество на истакнати експерти од индустрискиот сектор во наставата. Посетата на индустриски капацитети од различни области помага во развојот на практични вештини кај студентите. Владините институции се клучни за развојот на вештините кај општествените науки. Соработката со здравствените установи, клиничките болници, институтите за јавно здравје, поликлиниките, амбулантите за потребите на студентите од Факултетот за медицински науки е важна за нивното образование.

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и компанијата „Алкалоид“ во Скопје потпишаа Меморандум за соработка со цел реализирање заеднички проекти за унапредување и продлабочување на меѓусебната соработка и експертиза.

Меморандумот се однесува на реализацијата на заеднички проекти за стручно-апликативни и научноистражувачки работи, а во фокусот ќе биде имплементацијата на одржливи фармацевтски пакувања, која ќе се спроведува во неколку фази до 2030 година.

Соработката со стопанскиот и нестопанскиот сектор на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип не е само на национално ниво, туку и на интернационално ниво преку соработки со компании од земји во регионот и други европски земји.

Во тој контекст, потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и Институт за меѓународна политика и економија – Р.Србија.

Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип потпиша Меморандум за соработка со Здружението за дислексија „Ајнштајн“.

На 10 март 2025 година во свечената сала на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се одржа настан во организација на Црвениот крст на Република Северна Македонија. Настанот ќе биде одбележан со доделување на јубилејна плакета за Универзитетот „Гоце Делчев“, како и со промоција на нова платформа за соработка меѓу Црвениот крст и универзитетската заедница, а во рамките на одбележување 80 години Црвен крст во Македонија.

Во рамките на запознавање на студентите со фирми каде што може да ја вршат својата практикантска работа, остварена е посета со дел од студентите на Машинскиот факултет на компанијата АБ Новоселски во Струмица, а реализирана е и посета на две производствени фабрики во Источна Македонија, и тоа фабриката „Винчини“ во Виница, која е дел од групацијата „Макпрогрес“ и фабриката „Руен инокс автомобиле“ во Кочани.

Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип потпиша неколку меморандуми за соработка, и тоа со: Институтот за конзервирање и квалитет на храна - Пловдив, Р. Бугарија, ФУД ЛАБ ДОО - Скопје, РС Македонија, МИК ДОО Свети Николе и ЈЗУ Центар за јавно здравје - Струмица, РС Македонија.

Од страна на Електротехничкиот факултет беа потпишани два меморандуми за соработка и тоа со МИК Свети Николе и со Центарот за развој на Југоисточниот планински регион.

Меморандум за соработка е потпишан и меѓу Земјоделски факултет и Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството.

Друштвото на писателите на Македонија и Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип потпишаа Меморандум за соработка, со цел воспоставување подлабока културната размена помеѓу двете институции.

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Факултетот за природни и технички науки остварува значајна соработка со голем број стопански субјекти кои се двигател на индустрискиот развој во земјава, и тоа: Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за животна средина и просторно планирање на РС Македонија, Електрани на Северна Македонија (ЕСМ), Рудник „САСА“, Рудник „Бучим“, ТИТАН Цементарница Усје, TAV Airports, KOSTAL, Кожувчанка, ADIENT.

Во насока на поттикнување на претприемништвото и поддршка на студентите во креирање и развој на сопствени бизнис идеи, во рамките на Мејкерспејс лабораторијата беше распишан јавен повик за учество во пред-инкубаторската програма. На истиот беа пријавени повеќе интердисциплинарни тимови кои со поддршка на експерти и професори од Факултетот за информатика веќе работат на реализација на своите идеи.

Како резултат на заложбата на Факултетот за информатика за поттикнување на претприемништвото и поддршка на студентите во креирање и развој на сопствени компании и поддршка на социјалното претприемништво, Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Универзитетот во Луцерн, Швајцарија, организираше настан „Tailored Booster Week for Startups and SMEs”. Настанот беше поддржан од CEEDHUB Macedonia, Швајцарската амбасада и Општина Штип. Како резултат на оваа соработката, девет македонски стартап компании од Штип и од регионот низ процес на селекција добија бесплатна можност за менторска поддршка од професори и магистранди од Швајцарија, за доразвивање на нивните бизнис-идеи, изработка на бизнис-планови и подобрување на иновативноста на нивните производи.

Во соработка со бизнис секторот на Факултетот за информатика, од страна на експерти од пракса се одржаа серија практични предавања, вежби и работилници, кои се во корелација со наставната програма, со цел да ги запознаат студентите со тековните трендови во ИКТ секторот.

Во контекст на поттикнување на женското претприемништво, во соработка со организациите Woman in Tech и Македонско-американската алумни асоцијација (МААА), Компанијата „Лимак“ од Турција, се организираа работилници и семинари, а беа понудени и стипендии за студентките од техничките факултети на Универзитетот.

Во контекст на соработката со стопанскиот, владиниот и нестопанскиот сектор, Универзитетот активно учествува во работата на Европскиот дигитален иновациски хаб. Овој хаб им овозможува на бизнисите да тестираат и евалуираат дигитални технологии пред целосна имплементација, континуирана едукација, специјализирани тренинзи за дигитални технологии, насочени кон менаџери, професионалци и технички експерти, со

цел подобрување на нивните компетенции и приспособување кон најновите технолошки трендови.

Во рамките на европската алијанса на универзитети ACE$^2$EU во која активно учествува Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, направени се подготвителни активности за формирање на центрите за применето истражување, развој и иновации (Applied Research, Development, and Innovation Centers - ARCs) кои ги обединуваат истражувачките од целата алијанса и надворешните чинители и партнери.

Дополнително, започнат е процесот на формирање на Академијата за претприемништво во рамките на која ќе бидат обединети експертите од универзитетите во алијансата во областите на претприемништвото и бизнис поддршката, кои ќе развиваат програми за образование за претприемништвото и програми за поддршка на претприемништвото. Овие програми ќе бидат фокусирани на развој на вештини на млади претприемачи и бизниси. Академијата за претприемништво ќе стави посебен фокус на поддршката на студентите-претприемачи, а своите услуги ќе ги стави на располагање и на вработените и на надворешни заинтересирани страни.

## 11. СВЕЧЕНОСТИ И ДРУГИ НАСТАНИ

Во текот на извештајниот период се обележаа 17 години од формирањето на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Беше донесена Одлука за доделување на награди по повод 27 март – патронат на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, и тоа:

Пофалница (во тврда форма и во хартиена форма А4) во знак на признание за постигнатиот најдобар успех во студирањето со просек над 8,50 и вредносен ваучер во нето износ од 10.000,00 денари се додели на следниве студенти:

- Вики Стоилкова, Економски факултет, 9,875;
- Ана Ефтимова, Електротехнички факултет, 9,775;
- Мери Мастева, Земјоделски факултет, 8,725;
- Миа Ефремова, Ликовна академија, 9,826;
- Александра Кировска, Музичка академија, 9,523;
- Божица Митева, Правен факултет, 9,537;
- Николина Пуцакоска, Технолошко-технички факултет, 8,61;
- Бојана Тасева, Факултет за информатика, 9,65;
- Бојана Кацарова, Факултет за медицински науки, 9,915;
- Мила Станковска, Факултет за медицински науки, 9;
- Стефанија Паневска, Факултет за медицински науки, 8,87;
- Сашка Боризова, Факултет за образовни науки, 8,675;
- Сара Панева, Факултет за природни и технички науки, 10;
- Беба Бајрамовска, Факултет за туризам и бизнис логистика, 9,737;
- Сара Димовска, Филмска академија, 9,77;
- Меги Димова, Филолошки факултет, 10;
- Радмила Десовска, Филолошки факултет, 10.

Благодарница им беше доделена на пензионираните лица (во период од април 2024 до март 2025 година):

- проф. д-р Биљана Ѓорѓеска – редовен професор на ФМН;
- проф. д-р Благој Голомеов – редовен професор на ФПТН;
- проф. д-р Мирјана Голомеова – редовен професор на ФПТН;
- Александар Донски – раководител на одд. за библиотечно работење;
- Слободан Стојчев – хаусмајстор.

Благодарница им беше доделена на следниве институции и лица:

- проф. Жоао Мигел Раимундо Перес Мутао, (Prof. João Miguel Raimundo Peres Moutão), претседател на Европската универзитетска алијанса ACE2EU – како признание за извонредниот придонес и посветеноста на Европската универзитетска алијанса ACE2EU за поттикнување на академска извонредност и меѓународна соработка;
- проф. Џузепе Каталди, (Giuseppe Cataldi), редовен професор на Универзитетот „L'Orientale“ во Неапол, Италија – како признание за неговиот исклучителен придонес во унапредувањето на меѓународното право, поттикнување на меѓународната соработка и унапредување на глобалното признание на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- м-р Џаит Љуши, директор на човечки ресурси и организација во Халк банка АД Скопје – за особен придонес и поддршка на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- г. Митко Андонов, сопственик на „Eon Eden Marketing“ – за особен придонес и поддршка на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- г. Бујар Лума, претседател на НВО „Лоја“ во Тетово – за особен придонес и

поддршка на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;

- г. Михаил Теохаров, директор на „АУДИОКУЛТУРА“, Теохаров аудио, Скопје – за особен придонес и поддршка на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- м-р Бобан Кочовски, директор за развој на човечки ресурси и организациски развој (HRD & OD) – за особен придонес и поддршка на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Ивана Најдоска - International Development Law Organization (IDLO) – за особен придонес и поддршка на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Бојана Божиновска-Силјановска – Македонско здружение на млади правници – MYLA – за особен придонес и поддршка на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

На Универзитетот беа доделени и примени следниве плакети и признанија:

- студентките Сара Панева од Факултетот за природни и технички науки и Бојана Тасева од Факултетот за информатика при УГД се добитнички на престижниот „Инженерски прстен 2025“;
- УГД стана дел од европската иницијатива ESCI Champions 2025–2027, со што се потврдува неговата посветеност на европските стандарди и вредности во високото образование;
- по повод 80-годишниот јубилеј на Црвениот крст на Република Северна Македонија, Универзитетот доби плакета за соработка и беше промовирана платформа за заедничка соработка;
- УГД доби Признание за развој на високото образование во меѓународни рамки, за учеството во Европската универзитетска алијанса. Признанието го додели Регионалниот актив на новинари Исток, неформално здружение на новинари кои функционираат во источниот регион на државата;
- проф. Мишко Цидров е добитник на Признанието „Осми ноември“ на градот Штип за особени придонеси во развојот на образованието и науката;
- Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип доби Благодарница од СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип за отворена соработка и поддршка на учениците од гимназијата за учество на натпревари и постигнување на значајни резултати;
- Robotics & Innovation Academy му додели благодарница на Факултетот за информатика при УГД за континуирана поддршка на младите истражувачи и организација на меѓународниот натпревар First Lego League Challenge;
- Robotics & Innovation Academy му додели благодарница на Електротехничкиот факултет при УГД, за континуирана поддршка на младите истражувачи и организација на меѓународниот натпревар First Lego League Challenge;
- Одбојкарската федерација на Македонија му додели Признание на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за афирмација и придонес за развој на одбојката во Македонија;
- ОК Штип УГД му додели Благодарница на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за развој и поддршка на одбојката во Општина Штип;
- РК Текстилец УГД - Штип му додели Благодарница на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за придонес, соработка и развој на РК Текстилец УГД – Штип.

## 12. ОПЦИОНИ ЕЛЕМЕНТИ

### Активности од областа на спортот

Универзитетскиот спортски и културен центар е активен дел од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и истиот е одговорен за организирање и поддршка на спортските и културните активности за студентите и вработените при УГД.

Извештај за наставата по предметот Спорт и рекреација и спроведени спортски активности со студентите во периодот од 1.10.2024 до 1.10.2025 година.

**1. Реализација на наставата по предметот Спорт и рекреација во академската 2024-2025 година**

- Наставата по предметот Спорт и рекреација се реализира во спортската сала „Јордан Мијалков“ во Штип, со сите студенти од прва година, по групи и факултети.
- Организирање на еднодневна планинарска тура на Водно за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација од Наставен центар - Струмица.
- Организирање на еднодневна планинарска тура на Водно за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација од Наставен центар - Скопје.
- Организирање на еднодневна планинарска тура на Водно за студентите кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација од Наставен центар - Штип.
- Учество на студентите во куглање во Куглана „Мусандра“ - Скопје од Наставен центар - Скопје, кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
- Учество на студентите во стрелање со воздушна пушка во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје, од Наставен центар-Скопје, кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
- Учество на студентите на атлетска трка (Ноќна трка, по повод ослободување на градот Штип), Наставен центар - Штип, кои имаат настава по предметот Спорт и рекреација.
- Организирање на студентите од прва година по групи од сите факултети, спортско пешачење по патеката на кеј на река Брегалница.
- Реализацијата на наставата по предметот Спорт и рекреација се изведува и координира со професорот по Спорт и рекреација м-р Ванчо Барбареев.

**2. Учество на атлетски манифестации како УГД тим.**

- Wizz Air маратон - Скопје (6 октомври 2024 година) учествуваа 55 студенти и вработени, 44 студенти и вработени на 5 км, 10 студенти и вработени на 21 км и 1 студент на 42 км. Освоено 2. место во атлетската трка Тим билдинг 5 км-жени, од вкупно пријавени 235 екипи.
- „Го сакам Кавадарци” – Кавадарци (9.3.2025 година) атлетска манифестација во која учествуваа 32 студенти и вработени, 23 студенти и вработени на 5 км, 8 студенти и вработени на 10 км и 1 студент на 21 км. Освоено 3. место во поединечна категорија - мажи.
- Авицена женска трка - Скопје (13.4.2025 година) учествуваа 34 студенти и вработени при УГД.
- Superior Runs – Штип (27.4.2025 година), атлетска манифестација на 5 км во која учествуваа 63 студенти и вработени при УГД.

- „Трка на поезијата” - Струга (23-24.5.2025 година), атлетска манифестација на 5 км во која учествуваа 16 студенти и вработени, освоено 3. место екипно - мажи.
- По повод 8 ноември - Ден на ослободувањето на Штип, десет студенти во машка конкуренција учествуваа на традиционалната „Ноќна трка”, при што студентите постигнаа одлични резултати.
- November run Gevgelija – 2024 (10.10.2024 година) атлетска манифестација во која учествуваа 23 студенти и вработени, 18 студенти и вработени на 5 км и 5 студенти и вработени на 10 км.

Атлетските трки се организираат во сабота или во недела зависно од терминот на организацијата.

Организирањето и координацијата на атлетските трки ги спроведува професорот по Спорт и рекреација м-р Ванчо Барбареев.

## 3. Планинарски тури организирани и поддржани од Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

- Планинарска тура „Водно – Скопје“, организирана во рамките на наставата по предметот Спорт и рекреација. Учествуваа 147 студенти од прва година од сите факултети при УГД.
- Планинарска тура „Дојди на Кожуф - Запознај го регионот“, врв К-92 (2102 м), во соработка со Факултетот за туризам и бизнис логистика. Учествуваа 23 студенти и вработени (30.6.2025 година).
- OUTDOOR FESTIVAL „JA САКАМ ПЛАЧКОВИЦА“, планинарска тура и спелеолошка акција, посета на пештерата ЌУП, во соработка со Планинарското друштво „Лисец“ – Штип. Учествуваа 15 студенти и вработени при УГД.

Планинарските тури се организираат во сабота или во недела, зависно од терминот на организацијата.

Организирањето и координацијата на планинарските тури ги спроведува професорот по Спорт и рекреација м-р Ванчо Барбареев.

## 4. Државни универзитетски спортски лиги и меѓународни натпревари

Како член на Универзитетската спортска федерација, студентските екипи при УГД учествуваа во неколку спортски дисциплини:

- Учество на Европска универзијада во Варшава, Полска, 21-28.9.2025 год. Учествуваа 2 студенти, освоено 2. место.
- Одбојка мажи. Учествуваа 12 студенти, освоено 1. место.
- Одбојка жени. Учествуваа 12 студенти, освоено 2. место.
- Футсал мажи. Учествуваа 12 студенти.
- Кошарка мажи. Учествуваа 12 студенти, освоено 2. место.
- Куглање (маж-жени). Учествуваа 23 студенти од УГД, во женска конкуренција освоено 1. и 2. место.
- Стрелање со воздушна пушка. Учествуваа 55 студенти од УГД.

Спортските натпревари во организација на Универзитетската спортска федерација се организираат во текот на неделата, од понеделник до петок, во зависност од термините кои ги закажува Студентската федерација.

Организирањето и координацијата на спортските игри ги спроведува професорот по Спорт и рекреација м-р Ванчо Барбареев.

**5. Поттикнување и развој на спортот**

- Покрај наведените активности и вредности, односно платформи за поттикнување и развој на спортот и спортските активности кај студентите, има уште една значајна предност, а тоа е промоција на врвен професионален спорт, вклучување на професионални спортски екипи кои се натпреваруваат во Прва лига на РС Македонија, во неколку спортови: одбојка (мажи), одбојка (жени), кошарка (мажи), кошарка (жени), карате.
- Спортските екипи одбојка (мажи), одбојка (жени), кошарка (мажи), кошарка (жени), карате, своите тренинзи ги изведуваат во спортската сала „Јордан Мијалков“ во Штип.
- Покрај наведените активности, студентите имаат и слободни термини од понеделник до петок за спорт и спортски активности во спортската сала „Јордан Мијалков“ во Штип. Активностите се координирани со професорот по Спорт и рекреација м-р Ванчо Барбареев.

## Предлог-активности на Универзитетски спортски и културен центар за период 2025-2026 година

**1. Организирање и учество на студентите и вработените на масовни спортски настани**

Учеството на масовни спортски настани покрај промоцијата на физичката активност овозможува препознатливост на Универзитетот, афирмација на неговите заложби и грижа за студентите и вработените, можност за јакнење на припадноста кон организацијата, а како дополнителни вредности од овој тип на спортски настани е забавата, дружењето и позитивните емоции.

Масовниот спортски настан како предлог-програма за овој период е учество во атлетски трки:

- Wizz Air Скопски маратон – Скопје;
- Авицена женска трка – Скопје;
- „Го сакам Кавадарци” – Кавадарци;
- „Трка на поезијата” – Струга;
- November run Gevgelija;
- Атлетска трка, по повод 8 ноември, ослободување на Штип.

Масовниот спортски настан како предлог-програма за овој период е учество на планинарски тури:

- Планинарска тура „Водно-Скопје“;
- OUTDOOR FESTIVAL „ЈА САКАМ ПЛАЧКОВИЦА“ – Штип;
- Планинарска тура „Дојди на Кожуф - Запознај го регионот“ – Гевгелија;

- Планинарска тура „Галичица - врв Магаро“;
- Планинарска тура „Шар Планина“.

Оваа година, доколку се овозможи, воведување и на промотивни спортови:

- Организирање на еднодневно скијање за студентите и вработените на Попова Шапка;
- Организирање на Летен камп за студентите во Охрид-Струга, кајак-пливање;
- Качување на вештачка карпа планина Плачковица-Вртешка.

**Поддршка на студенти**

Во извештајниот период беа реализирани активности за помош на студентите на Универзитетот.

1. Беше спроведен интерен Конкурс за избор на редовни студенти од социјално ранливи категории кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на партиципацијата за прв циклус студии за учебната 2024/2025 година. Право на конкурирање на Конкурсот имаше секој редовен студент кој запишал зимски семестар по прв пат на прв циклус студии во учебната 2024/2025 година и припаѓа на некоја од следниве категории:
   - само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените;
   - починат родител;
   - родител/и на кој му е одземено родителското право или е исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и обврски;
   - двајца студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип со родители со минимални месечни примања.

**2.** Беше спроведена активност за помош на талентираните студенти запишани како редовни студенти на прв циклус студии во 2024/2025 година. Во оваа категорија на студенти спаѓаат студентите што имаат освоено минимум 40 ЕКСТ од своето студирање и имаат среден (просечен) успех над 9,5.

**Ректор,**
**проф. д-р Дејан Мираковски**



УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ